**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продложение на Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 јуни 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,01 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија .

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 101-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Гзим Острени, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Назми Бекири, Ванчо Георгиев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев и Петар Наумовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 14 - Предлог на закон за градење.**

Дали имаме претставник на Влада? (Има)

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворм претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тома Глигоријевски поднесе амандман на член 63 став 1, член 63 став 1 за додавање нова алинеја 6 по алинеја 5, член 63 став 3, член 81 став 2 и за додавање нов член 142-а по членот 142, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Ејуп Рустеми, Рафис Алити и Семијал Хасани поднесоа амандман на член 96 став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Љупчо Балковски поднесе амандмани на член 2 став 1 точка 2, член 2 став 1 за додавање нова точка 3 по точката 2, член 3 став 2, член 4 став 1 за бришење на алинеја 3 и за додавање нова алинеја 3, за заменување на зборот " грдител" со зборот "инвеститор" во текстот на Предлогот на законот, член 14 став 4, член 22 став 3, член 25 став 1 за бришење на точката 8, за менување на насловот пред член 33, член 33 за додавање нов став 1, член 33 став 2, член 33 став 5, за заменување на зборот "основен" со зборот "главен" во текстот на Предлогот на законот, член 34 став 3 точка 2, член 52 став 1 точка 1, член 54 став 3 за бришење на точката 1 и за додавање нова точка 1, член 54 став 3 за бришење на точките 4 и 6, член 54 став 3 за додавање нова точка 6 по точката 5, член 54 за додавање нов став 8 по ставот 7, член 86 став 2, член 87 став 5, член 88 став 9, член 98 став 1 за додавање нова точка 6 по точката 5 и на член 144 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева поднесоа амандмани на член 16 став 2, член 33 став 5, член 33 став 6, член 41, член 53 став 2, член 64 став 1, за менување на точката 9 во Глава 5 и на член 86 став 2, по кои Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3 став 3, член 14 став 4, член 28 став 4, член 57 ставови 1 и 2, член 76 ставови 4 и 5, член 86 ставови 6 и 7, член 97 став 6, член 101 став 2, член 112 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 113 став 2, член 141 ставови 1 и 3, член 143, член 144 став 1, член 149 став 1 и на член 151.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандмани на член 13 за менување на став 1, член 14 ставови 3 и 4, член 15 став 1 и за бришење на став 2, член 18 став 1 и за бришење на став 2, член 22 ставови 1, 2, 3, 5 и 6, член 27 за бришење на став 2, член 28 став 1 и за бришење на став 2, за бришење на член 30, на Глава 3 точка 7. Испит и овластувања, член 33 ставови 1, 5, 7 и 8 и за бришење на членовите 2, 3 и 4, за бришење член 39, член 50 ставови 2 и 4, член 52 за бришење на став 1, член 54 став 3 алинеја 4, член 64 став 1 точка 4 за бришење на алинеите 4, 5 и 14, член 74, за бришење на член 75, член 78 ставови 3 и 6, член 87 ставови 4 и 5, член 93 за додавање на два нови ставови, за бришење на член 130 и на член 145 за додавање два нови ставови.

Пратениците Лилјан аИвановска и Соња Лепиткова поднесоа амандман на член 64 став 1 точка 4 за бришење на алинеите 4 и 5, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова и Благој Голомеов поднесоа амандмани на член 13 став 1, член 15 став 4, член 23, член 25 став 1 точка 8, член 33 став 1, член 34 став 3 точка 5, член 35 точка 1, член 54 став 3 за додавање нова точка 6 по точката 5, член 92 став 1, член 98 став 1 точка 7 и на член 111 став 1 за додавање две нови точки 5 и 6, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Драган Ѓорѓиев, Цветле јанеска и Соња Лепиткова поднесоа амандмани на член 63 за менување на став 5 и на член 98 став 1 за додавање нова точка 6 по точката 5, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Томе тромбев поднесе амандмани на член 25 став 1 за бришење на точка 8, член 33 став 2 за бришење на член 53, член 54 став 3 за бришење на точка 4 и за бришење на член 136, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Соња Лепиткова, Петар Апостолов, Лилјана Ивановска, Цветле Јанеска, Драган Ѓорѓиев и Благој Голомеов поднесоа амандмани на член 4 за менување на алинеја 3, член 14 став 4, член 33 став 5, член 52 став 1 точка 1, член 54 за додавање нов став 8 по ставот 7, член 87 став 5 и на член 105 став 1 за додавање

нова точка 6 по точката 5, по кои Владата не се произнела.

Во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 22 ставови 2 и 3, член 27 став 2, член 28 став 2, член 30, член 39, член 52 став 1 точка 2, 4 и 5, член 54 став 3 точка 4 и на став 4, член 75 став 1, член 78 став 6, член 88 став 9 и на член 147 за додавање два нови ставови 3 и 4

по ставот 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Согласно член 170 став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија Комисијата за транспорт, врски и екологија на 23 јуни 2005 година го разгледа амандманот на член 22 ставови 2 и 3 поднесен од Владата на Република Македонија и согласно член 166 став 2 од Деловникот, поднесе амандман на член 22 ставови 1, 2, 3, 5 и 6 по кои Владата не се произнела.

Претресот по овој амандман ќе го водиме пред претресот на амандманот на член 22 ставови, 1, 2, 3, 5 и 6 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија на 17 јуни 2005 година, која е точка 19 од списокот на редоследот на амандманите по кои се води претрес.

Отворам претрес по амандманот за заменвување на зборот "градител" со зборот "инвеститор" во текстот на Предлогот на законот, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Уште еднаш до колку е можно да објасните за кој член се работи, бидјеки не го слушнавме.

**Љупчо Јордановски:**

Отворам претрес по амандманот за заменување на зборот "градител" со зборот "инвеститор" во текстот на Предлогот на законот, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски. Овде нема членови, туку во целиот текст господинот Балковски бара "градител" да се замени со "инвеститор".

**Џемали Мехази:** Не се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Балковски повелете имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.

Овој амандман го поднесов од причина што во секојдневното живеење и во секојдневното комуницирање во градежништвото за носител на градба на правото на градење се употребува зборот "инвеститор". Секаде истиот термин се употребува, така што во сегашниов Предлог на закон имаме веќе носител на право на градење односно градител. Така, може да се случи да се поистоветува со терминот "изведувач" во понатамошните членови во законот, така што мислам дека посоодветен е сегашниов збор односно термин "инвеститор", затоа што употребуваме домашни инвеститори, имаме странски инвеститори и се бориме за домашни инвестиции, се бориме за странски инвестиции, па сега ќе треба да се поистоветуваме односно да ги смениме сите зборови и да кажеме дека доаѓа некој странски градител што ќе носи средства. Дали тоа значи дека не треба да го употребуваме веќе зборот "инвеститор" според Законот не би требало да го употребуваме тој збор и секаде ќе го употребуваме зборот "градител". Меѓутоа, градител е тој што гради, а не што инвестира. Градителот може и да инвестира, меѓутоа , не може да се каже дека градител е само тој што ќе има право односно ќе биде носител на правото на градење. Заради тоа е предложен овој амандман, секаде каде што постои зборот "градител" да се избрише и да се замени со зборот "инвеститор".

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Ивановска вие имате збор.

Повелете.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Јас ќе го подржам амандманот на колегата Балковски од причини што замената на зборот "градител" во целиот текст на законот треба да се замени со "инвеститор", затоа што зборот "инвеститор" е оддомаќинет во Република Македонија и ќе создаде забуна во праксата во градење во Република Македонија. Затоа, сметам дека овој амандман треба да се прифати од аспект на применливост, затоа што и понатаму потребно е време еден збор да се оддомаќини на одредена територија, па затоа сметам дека овој збор "инвеститор" кој што е веќе оддомаќинет да остане во текстот на законот. Ќе го подржам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки, нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 15 гласале за амандманот, нема воздржани, 39 против амандманот.

Службите нека го утврдат бројот, за да знаеме колку сме.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на заменување на зборот "основен" со зборот "главен" во текстот на Предлогот на законот, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** И овој амандман е поднесен од истата причина како што беше поднесен претходниот амандман и се надевам дека од сега, согласно неизгласување на претходниот амандман ќе имаме многу домашни и многу странски градители во Република Македонија и да се придржуваме кон тоа и да не кажуваме дека во Република Македонија ќе доаѓаат странски и домашни инвеститори. Така што, од сега веќе

имаме термин "градители" и тоа треба да го почитуваме сите.

Истото се работи за овој амандман, кој до сега беше главен проект, сега е основен, така што да видиме дали само со терминолошко усогласување на зборовите и менување досегашни, ќе донесеме повеќе странски, сакав да речам инвестиции, меѓутоа, сега ќе речам "градители" во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи, повеќе нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 19 пратеници гласале за амандманот, 1 е воздржан, 42 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 точка 2, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, за додавање нова точка 3 по точката 2, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Балковски повелете имате збор.

**Љупчо Балковски:** Значи, во овој амандман имаме прецизирање односно дефинирање на тоа што значи семејна куќа и го дефинираме на следниот начин дека семејна куќа претставува градба наменета за домување на семејствата како единствена, функционална, градежна и станбена целина со вкупна површина до 400 метри квадратни и најмногу приземје и два ката, но не повеќе од две станбени единици. Ова е се со цел во членот 2 каде што ги имаме одделните изрази употребени во овој закон кои што го имаат следното значење, да се дефинира и семејната куќа, затоа што никаде во законот, секаде ќе пишуваме семејна куќа, меѓутоа, ќе немаме прецизна дефиниција за тоа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Тромбев имате збор.

**Томе Тромбев:**Благодарам претседателе.

Јас би сакал да го подржам овој амандман на господинот Балковски, бидејќи со амандманите на Владата е избришана дефиницијата во член 22 на терминот семејна куќа, кој потоа се повторува во одредени членови на законот. На пример, се повторува во членот 39 и во членот 78. Така, ценам за потребно дека треба овој термин семејна куќа кој што се употребува во други членови да се прецизира. Меѓутоа, до колку и минситерот не го прифати, би му препорачал со можноста која што ја има во членот 52, семејната куќа да ја дефинира во подзаконскиот акт.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифати, поради тоа што веќе имаме Владин амандман и секако дека ќе се регулира со подзаконски акт.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Ивановска, повелете.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Иако, за овој амандман имаше многу дискусии, не за овој, мислам околу дефиницијата на семејната куќа и дефинирањето на семејната куќа комплет во законот и во делот на лиценцирањето и изведбите, во законот беше дефинирано максималната површина од 200квадрати, а оваа е веќе изменета во делот на површината, катноста и станбените единици. До колку остане дефиницијата на семејна куќа, од тој аспект амандманот е прифатлив, меѓутоа сметам пошто сега нема време за интервенција, мислам дека површината господинот Балковски можел да ја редуцира. Меѓутоа, тоа е негов амандман и во контекстот на законот овој амандман е прифатлив од тој аспект во делот на дефиниција на семејна куќа, затоа што и тенденцијата што помалку законите да се регулираат со подзаконски акти на Министерството и Владата. Благодарам и ќе го подржам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратении, 26 за амандманот, 1 воздржан и 39 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворма претрес по амандманот на член 3 став 3, поднесен од Законодавно-правната комсија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Мехази. Повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 4 став 1 за бришење на алинеја 3 и за додавање нова алинеја 3, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски и амандманот на член 4 за менување на алинеја 3, поднесен од пратениците Соња Лепиткова, Петар Апостолов, Лилјана Ивановска, Цветле Јанеска, Драган Ѓорѓиев и Блгој Голомеев, кои се точки 7 и 8 од списокот на амандманите, по кои се води претрес се со иста содржина.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 за бришење на алинеја 3 и за додавање нова алинеја 3, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски и по амандманот на член 4 за менување на алинеја 3, поднесне од пратениците Соња Лепиткова, Петар Апостолов, Лилјана Ивановска, Цветле Јанеска, Драган Ѓорѓиев и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на владата да се произнесе.

Повелете министре.

**Џемаил Мехази:** Амадманот не се прифаќа, бидејќи текстот е усогласен со директивата 98106 на Советот на Европа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Ние како пратеници, членови на комисијата, имаме два исти амандмани.

Што е суштината на овој амандман. Наместо несразмерно големи деформации и оштетувања во однос на причините од кои настанале, се предлага оваа алинеја да се избрише и да се додаде нова која гласи - оштетување на околни градби за создавање на стабилноста на теренот, затоа што се работи во делот на механичка отпорност,стабилност и сеизмичка заштита. Значи, во функција на допрецизирање на овој член 4.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господин Ивановска, имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Овој амандман се однесува на Глава 2 - основни барања за градбата, каде што во точка 1 е маханичката отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, и

Амандманите поднесени од колегата Балковски и група пратеници, Соња Лепиткова, Петар Апостолов, Лилјана Ивановска, Цветле Јаневска, Драган Ѓорѓиев и Благој Голомеов.

Овој Амандман сметам дека треба да биде прифатен затоа што во дефиницијата, оштетување на околните градби од аспект на сеизмичка заштита е прифатлив.

Министерството на Комисијата за транспорт и врски во иднина треба да доставува табеларен предлог на усогласеноста со директивите на Европската Унија како што го прават други Министерства со други текстови на закони. Така што не држи тоа оправдување за усогласеноста со европските директиви и секако експертските мислења кои законот ги има добиено, требаше да бидат доставени до пратениците.

Ќе ги подржам овие амандмани

**Љупчо Јордановски:** Благодарам

Повелете госпоѓа Лепиткова, имате збор.

**Соња Лепиткова:** Господине председателе, овој амандман ние го поднесовме и на ист начин рамислуваше и колегата Балковски. Тоа е сосема технички амандман и со ова што ние го предлагаме да стои како измена во алинејата 3, ние на некој начин само го допрецизираме главниот став, тоа е ставот 1, со што одредени повторувања што ги има во првите две алинеии, на некој начин ги скратуваме и појасно ги дефинираме. Така што и тоа што ние го предлагаме е во согласност со директивите од ова што вие се повикувате, така што не постои никаква разлика, само до прецизирање и на некој начин техничко доуредување на самиот член.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 26 за, 1 воздржан, 34 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амндманот на член 4, став1, за бришење на алинеја 3 и за додавање нова алинеја 3, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски и по амандманот на член 4, за менување на алинеја 3 поднесен од пратениците Соња Лепиткова, Петар Апостолов, Лилјана Ивановска, Цветле Јаневска, Драган Ѓорѓиев и Благој Голомеов.

Отворам претрес по Амандманот на член 13, став 1, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова и Благој Голомеов.

Го молам представникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете Господине министре.

**Џемаил Мехази:** Амандманот не се прифати, затоа што во член 12 став 1, определени се учесниците во изградбата, а не кој се стекнува со право на градење.

Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓа Ивановска, имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Точно е дека во член 12 е дефинирано кој се стекнува со правото на градење. Затоа сметавме дека и во член 13, при дефиницијата на инвеститорот што инсистиравме градител да остане како формулација во овој закон, треба да стои дека со решение за локациски услови, инвеститорот не се стекнува со право на градење затоа што тоа е поширока формулација во делот на стекнување со право на градење. Затоа апелирам до колегите пратеници за прифаќање на овој амандман.

**Љупчо Јордановски** : Благодарам.

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Овој амандман јас го подржувам затоа што не може, согласно законот, член 13 став1, градител односно инвеститор да е домашно или странско правно лице кое согласно законот се стекнува со решение за локациски услови. Значи ако се стекне, правно или физичко лице со решение за локациски услови, тој е градител.Нема основа и прецизна дефиниција што значи градител односно што значи инвеститор. Со поднесениот амандман многу јасно и прецизно се кажува дека наместо решение за локациски услови дека градител (сега веќе тој термин ќе го употребуваме) е тој кој се стекнува со право на градење, согласно член12 став 1. Значи не само со решение за локациски услови. Решението за локациски услови е само дел од се она што треба да се стекне за да се добие право на градење.

**Љупчо Јордановски**: Повелете госпоѓа Ивановска

**Лилјана Ивановска**: За член 13, исто така Комисијата за транспорт и врски има доставено идентичен амандман, извинете што не реагирав порано, сметав дека за овој амандман треба заеднички да се изјаснуваме ,меѓутоа, еве, нека остане деловничката форма на изјаснување поединечно. Меѓутоа и комисијата подржа исто таков амандман со едногласдно подржување.

**Љупчо Јордановски**: Можеби сме пропуштиле да ги спомиме, но во секој случај настојуваме. председателот на Комисијата за транспорт и врски вели дека не се исти.

Бидејќи нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 23 за амандманот, 2 воздржани, 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот по член13 за менување на став 1, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемаил Мехази :** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по Амандманот на член 14 ставови 3 и 4, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој Амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете министре .

**Џемаил Мехази**: Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по Амасндманот на член 14 став 4, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете министре.

**Џемаил Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Овој амандман е поднесен од едноставна причина, лиценците од став 1 на овој член 14 каде се кажува дека управител на градба може да биде лице регистрирано во трговски регистар за таа дејност и има лиценца. Лиценцата се издава за 5 години. Овде се предлага за 10 години, во наредниот амандман ќе видиме дека е и за 7 години. И тоа е прифатливо од едноставна причина што 5 години навистина се краток период за повторно обновување на лиценцата со која се стекнува.

**Љупчо Јордановски**: Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандмснот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 7 гласале за амандманот, 2 воздржани, 36 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пратеници во салата.

Во салата се присутни 73 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 4, поднесен од Законодавно-правната комисија. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете министре.

**Џемаил Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став4, поднесен од пратениците Соња Лепиткова, Петар Апостолов, Лилјана Ивановска, Цветле Јанеска, Драган Ѓорѓиев и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете министре.

**Џемаил Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 и за бришење на став 2, поднесен од Комисијата за транспорт врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете министре.

**Џемаил Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Тромбев имате збор.

**Томе Тромбев:** Благодарам претседателе.

Тука почнуваат и круцијалните амандмани во врска со прашањето на станбената изградба, стамбената куќа што има посебен третман во самиот закон. Имено, и во предходните фази Комисијата зазеде став по однос на прашањето на стамбената куќа да не биде иземена од корпусот на прашања кои ги регулира овој закон. Имено семејната куќа е категорија на сопственост која, согласно Уставот и позитивните законски прописи нема ограничување во однос на располагањето односно правниот промет, што е причина повеќе да нема исклучоци во поглед на овластувањата на учесниците на градбата .

Неприфатлио е посебниот третман на стамбената куќа како исклучок, затоа што таа е најчеста градба во Република Македонија, некаде околу 80% од градбите се стамбени куќи и масовна недвижност во правниот промет. Не треба да се прави исклучок за семејната куќа, без разлика дали, како што е наведено и во Предлогот, истата е 200 м2, од причина што истата има долготрајна употреба и неопходно е да биде проектирана според прописите што важат за сите објекти.

Со овој наш предлог ќе се избегне манипулацијата на терминот - семејна куќа, која прво ќе се изгради, а потоа веднаш ќе оди на пазар, а тоа може да се повторува повеќе пати.

Со последните амандмани на Владата, станбената куќа која беше класирана во четвртата категорија, сега се воведува во петата категорија на објекти, за која категорија на објекти има посебен режим во целиот закон.На пример проектантот треба да биде високо образовано лице од архитектонска и друга техничка струка, со најмалку една година работно искуство во струката . Тоа значи дека инжињер металург, дава банален пример или било која друга инжињерска дејност, може да биде проектант.

Понатаму во член 48 вели дека треба да има високо образование за објекти од петта категорија каде што се и стамбените куќи, од архитектонска и друга техничка струка, со најмалку две години работно искуство во струката, што значи пак некој друг од инжињерска, инжињер машинец може да биде ревидент на проектот стамбена куќа итн. Потоа изведувачот за оваа петта категорија на објекти е без лиценца, што пак ќе влеземе во една сива зона. Надзорот треба да контролира само одредени барања за стамбената куќа, не и другите работи кои се потребни за другите објекти.И на крајот, таквите објекти од петта категоријаа немаат технички прием.

Заради сето ова ние предлагаме ваквите објекти да ги градат овластени инжињери, што веќе министерот прифати, овластувањата ги лиценците да преминат во Комората, да ги градат ваквите објакти овластени инжињери, да ги проектираат, да ги ревидираат, да ги градат лиценцирани фирми, додека постапката во однос на проектната документација и техничкиот прием да биде само со потпишување на записникот од страна на надзорниот инжињер. Тука постапката се олеснува. Така што се ова што го предлагаме е во согласност со основната цел на законот која е за да се подобри квалитетот на градбите во Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски**: Повелете госпоѓо Ивановска имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Целосно се согласувам со досега искажаното од колегата Тромбев. Тоа беше едно од прашањата кое долго беше дискутирано на Комисијата за транспорт и врски, секако подржано од институците во Република Македонија. Секако, префрлувањето на амандманите на Влада во петаа категорија на - семејната куќа, претставува една голема деградација на културното архитектонско наследство во Република Македонија.

Ако до сега во историјата на културното наследство во архитектурата на Република Македонија, македонската традиционална семејна куќа била предмет на истражување на значајни светски имиња од македонската архитектура, сметам дека ова решение во амандманите на Владата, не е соодветно спрема нашата пракса и нашите заложби, објектите да се третираат како инвестиција и како културно наследство. Сметам дека на овој начин ќе бидат деградирани овие категории на објекти и секако дека семејната куќа не претставува само апсолутна сопственост на семејството кое ќе ја гради туку напротив претставува стока на Пазар што понатаму ќе се продава. Од аспект на заштита на потрошувачите на Република Македонија тој објект треба да биде заштитен и од тој аспект, затоа што не може да се дозволи, на пример, надвор од проектирањето, изведувањето да го вршат несоодветни инжињери или не лиценцирани инжињери, што значи намален квалитет и непочитување на стандардите. Затоа сметам дека еден од суштинските амандмани кој понатаму се повторува во предлозите на Комисијата за транспорт и врски, го решаваат овој проблем на таков начин. Затоа колегите Пратеници сметам дека треба да ги подржат овие амандмани кои ја решаваат семејната куќа на системски начин.

Го подржувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Во правец на дообјаснување на овој амандман и подршка.

Овој амандман се поднесува од причина за поквалитетна и посигурна градба затоа што сите овие работи што досега се искжаа се во тој правец.

Не е јасно зошто семејната куќа и овде треба да се објасни тоа, најпрвин од четврта се пренесуваа во петта категорија и потоа дека за изградба на таа семејна куќа воопшто не треба, ниту проектантот, ниту ревидентот, ниту надзорот, ниту сите останати учесници во изградбата, да имаат дали лиценца, или овластување. Дали ние се залагаме за една сигурност во изградбата или квалитет во градбата, или пак ги оставаме семејните куќи во петта категорија каде, ако се чита законот ќе се види дека сосема други услови се потребни за исградба на тие објекти. Дали мижеме, најпрвин семејната куќа, прашање е , да се стави во петта категорија? Ако е ставена и во петта категорија барем треба да има одредена контрола, а таа контрола во изградбата на квалитетот и сигурноста, се постигнува со овие лиценци и  овластувања што ќе ги имаат учесниците во градбата на семејната куќа.

Благодарам

**Љупчо Јордановски:** Благодарам

Повелете господине Ѓорѓиев, имате збор.

**Драган Ѓорѓиев:** Ќе се обидам да не се повторувам со претходните дискутанти, меѓутоа сакам да истакнам кратко некои мои видувања. Навистина не можеме да ја издвоиме семејната градба од ругите категории градби, затоа што отвораме простор за злоупотреба на тие луѓе кои ќе ги градат семејните градби и после ќе ги препродаваат.

Меѓутоа, сепак мора да се каже дека со овие измени кои што треба да се поддржат за да се постигне основната цел, а тоа е квалитетна градба, безбедност и сигурност. Затоа што ако ги немаме потребните документи, ако го немаме потребниот надзор, ако ги немаме стручњаците во оваа област, ако не изведуваат луѓе со лиценци таа градба нема да биде сигурна и безбедна. Свесни дека со тоа посебно со ридско-планинските населени места каде што се недостапни за поголеми механизации, за градежни фирми итн, свесни дека ќе има тешкотии во однос на изградбата и по цена на тоа ние треба да го прифатиме тој амандман иако имавме широка расправа во Комисијата и добивме голем консензус, со исклучок на еден или двајца пратеници. Собранието треба да ги поддржи овие амандмани кои што се однесуваат за семејна куќа од Комисијата и што ќе следуваат, а имаме амандмани кои што се исти и од пратеници. И затоа беше подобро комисиските амандмани најпрво да поминат, меѓутоа, сега тоа не е изводливо, за да останат безпредметни сите други кои што се слични или исти во оваа насока.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 52 гласале за амандманот, нема воздржани, 9 пратеници гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 4, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амадманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 2, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амадманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 и за бришење на став 2, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амадманот не  е прифатен.

Има збор пратеникот Томе Тромбев. Повелете, имате збор.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе,

Овој амандман е со истата логика по која беше и претходниот амандман. Имено, се работи за исклучување на објектите од петта категорија од правото за ревизија. Затоа, ние како Комисија за транспорт, врски и екологија, го кажав оној корпус на прашања со кои се регулира станбената куќа, особено петтата категорија во која е станбената куќа, го враќаме, бришеме делови од членот каде што се нагласува прво, втора, трета и четврта категорија и фактички ревизијата важи за сите категории на објекти, меѓу нив и за станбената куќа.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам, господине претседателе.

Сакам да појаснам затоа што претходниот амандман кој што ја исклучуваше семејната куќа, бидејќи повеќе амандмани на Комисија за транспорт, врски и екологија се поврзани со решавање во самиот закон, затоа апелирам за сите

каде што исклучоците за семејна куќа се решаваат да бидат изгласани од колегите пратеници, затоа што на тој начин се решава целиот текст на закон, со оглед дека веќе беше изгласан почетниот амандман за измени на законот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 55 пратеници гласале за, 2 воздржано и 6 против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Инаку, ова што го рековте госпоѓо Ивановска би можеле многу елегантно да се реши ако има добра волја кај министерот да ги прифати тие амандмани, ако се поврзани со претходниот амандман што го изгласавме.

Процедурално има збор пратеникот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодрам господине претседателе.

Парламентарната група на ДУИ бара пауза од 15 минути за да се консултираме во однос на амандманите кои се предложени од Комисија за транспорт, врски и екологија и неколку други амандмани.

**Љупчо Јордановски:** Имате 15 минути пауза, иако мислам дека нема потреба.

(Пауза од 11,46 до 12,04 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата, а исто така и претставникот на Владата.

Веќе поминаа повеќе од 15 минути, односно времето што беше побарано за консултации.

Отворам претрес по амандманот на член 22 ставови 1, 2, 3, 4, 5 и 6, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Овој амандман Комисијата согласно член 166 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија го поднесе на 23 јуни 2003 година.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Со оглед на тоа дека двата претходни амандманит не беа прифатени од страна на пратениците овој амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен е станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 ставови 1, 2, 3, 5 и 6, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Тромбев.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе, овој амандман се повлекува.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен од предлагачот.

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 3 поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Балковски, имате збор.

**Љупчо Балковски:** Ние ја прифативме дефиницијата за семејна куќа и сега наместо ставот од членот 22 семејната куќа ја префрливме во членот 2, така што ова предлагаме да се избрише. Ако се прифати овој амандман, едноставно доаѓа семејната куќа во членот 2.

**Љупчо Јордановски:** Тоа значи дека го повлекувате амандманот?

**Љупчо Балковски:** Безпредметен е овој амандман. Амандманот го повлекуваме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 23, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 1 за бришење на точка 8, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски и амандманот на член 25 став 1 за бришење на точка 8, поднесен од пратеникот Томе Тромбев, кои се точки 22 и 23 од списокот на амандманите по кои се води претрес со иста содржина.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 1 за бришење на точка 8, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски и пратеникот Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа бидејќи со Законот за јавни набавки не се уредуваат инвестиции од приватен карактер.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Господине Тромбев, имате збор.

**Томе Тромбев:** Благодарам претседателе.

Овој амандман го поднесов затоа што гаранциите во изградбата се дефинираат и регулираат во тендерската процедура и склучување на договорите за изградба, а за јавните објекти тоа е дефинирано со Законот за јавни набавки. Точно е ова министерот што го кажа, бидејќи за приватните објекти не е потребна ваква процедура. Јас ценам дека не треба да стои оваа одредба во самиот член.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Балковски, продолжете.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.

Во насока на објаснување на овој амандман, оваа точка 8 на членот 25 - обезбедување на банкарска гаранција, едноставно треба да се избрише затоа што изведувачот има сосема други услови што треба да ги исполни и е должен условите во седумте точки да ги исполни, а сето ова е направено во Законот за јавни набавки. Зошто и во овој закон ова да се прави, јас мислам дека нема потреба од тоа.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Ивановска, имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Околу овој амандман јас имам спротивен став од колегите Балковски и Тромбев, затоа што сметам дека и во приватните инвестиции банкарската гаранција треба да стои, доколку се стремиме кон пазарно работење во Република Македонија, така што и за приватните инвестиции треба да стои 10% банкарска гаранција од страна на изведувачот. Овој член дефинира банкарска гаранција на изведувачите и затоа сум против овие два амандмани.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да гласаме по амандманот.

Во салата сега се присутни 62 пратеника.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 10 пратеници гласале за амандманот, 2 воздржано и 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 1 точка 8, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Отворам претрес по амандманот на член 22 став 3 поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Соња Лепиткова и  Благој Голомеев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Ивановска, имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, овој амандман се однесува на банкарската гаранција, каде што во постојниот текст стои од прва до четврта категорија. Еве, ќе го прочитам: "да обезбеди банкарска гаранција во износ од 10% од пресметковната вредност на градежните работи за градби од прва до трета категорија". Нашиот амандман се однесува за проширување на категоријата на банкарски гаранции од прва до четврта категорија. Сметаме дека ова ќе создаде поголема сигурност на приватните инвестиции во најголемиот дел на инвестиции во Република Македонија, а тоа е во четвртата категорија објекти според категоризацијата во текстот на законите.

Затоа, барам поддршка за овој амандман од колегите пратеници.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника, 10 пратеници гласале за, 2 воздржано и 40 против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 за бришење на став 2, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1 и за бришење на став 2, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази. Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 30 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот пред член 33, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 55 пратеника, од кои 8 гласале за, еден воздржан, 46 против.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници .

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Гласањето го поништувам, бидејќи во салата се присутни 59 пратеника.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците кои не се членови на Комисијата за надворешни работи која има сега седница, да влезат во салата.

Сега сме 61 пратеник, го повторувам гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, 6 гласале за амандманот, еден воздржан, 47 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 1, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова и Благој Голомеев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 за додавање нов став 1, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Ова е само допрецизирање што значи стручен испит. Се кажува дека претставува проверка на познавањето на законските прописи од областа на градежништвото, едноставно што ќе полагаат стручните лица во тоа.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 58 пратеника, од кои 7 гласале за, двајца воздржани, 49 против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 2, поднесен од пратеникот Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 2, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 57 пратеника, од кои 8 гласале за, еден воздржан, 48 против..

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 ставови 1, 5, 7 и 8 и за бришење на ставовите 2, 3 и 4, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 33, став 5, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Менување на периодот за повторно обновување на овластувањата од пет до 10 можеби со другиот амандман ќе се прифати каде што е од пет до седум.

Амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен .

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 5, поднесен од пратениците Соња Лепиткова, Петар Апостолов, Лилјана Ивановска, Цветле Јанеска, Драган Ѓорѓиев и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 5, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам претседателе.

Суштината на овој амандман е еднаш добиеното уверение од став 2 од овој член да биде трајно, а истото само формално да се продолжува, односно евентуално уверението може да се одземе доколку со него не се остварува целта заради која е издадено.

Мислам дека со овој амандман едноставно се спречува лицата односно институциите кои ќе ја добијат оваа лиценца односно претходно уверението да не бидат принудени повторно на секои пет години да полагаат испити кои веќе еднаш ги положиле, а можноста за одземање на уверението ако не се придржуваат до одредбите во законот и до овластувањата кои им се дадени останува со овој амандман.

Мислам дека тоа е суштината и би требало да се прифати.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за звбор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 8 за, нема воздржани, 49 против амандманот, а во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 6, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Китановски.

**Илија Китановски:** Овој амандман е практично ист со претходниот само што се однесува на овластување А), со важност од пет години и повторно истото образложение би го повторил. Значи, со овој амандман се избегнува повторно по пет години полагање на испит на лицата и институциите кои веќе еднаш полагале таков испит. Сметаме дека по истекот на пет години треба да се констатира дали постојат причини за одземање на уверението, ако такви причини не постојат, тогаш автоматски треба да се продолжи.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме?

Гласале 57 пратеника, од кои 7 гласале за, двајца воздржани, 48 против, а во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Глава 3, точка 7-испит и овластувања, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 3, точја 2, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 3 точка 5, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 точка 1 поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи проектанската документација односно одделните проекти ги изготвува проектант.

Амандманот не е прифатен.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, овој амандман го предложивме од аспект што во целата формулација од законот стои овластени архитекти и инженери и затоа сметавме дека и во делот на проектната документација односно одделни проекти задолжително содржат општ дел кој содржи има и потпис на овластениот архитект и овластен инженер.

Затоа сметаме дека овој амандман треба да биде прифатен, затоа што целата формулација во целиот текст на законот е овластен архитект и овластен инженер затоа и во проектната документација треба да стои каде стои името и потписот на проектантот на проектот.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

57 пратеника гласале од кои 16 гласале за, нема воздржани, 41 против, а во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 39 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 41 поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Китановски.

**Илија Китановски:** Амандманот се однесува на член 41 каде зборовите "архитектонскиот проект" се заменуваа со зборот" проект".

Амандманот се поднесува не само поради терминолошко усогласување и техничко концепирање на текстот за да ги опфати сите технички струки, туку и суштински затоа што самиот проект не содржи само архитектонски проект, туку и сите останати делови на проектот од техничките струки и мислам дека проектантот како институција вршењето на надзорот треба да го врши на целокупниот проект не само на архитектонскиот,

Мислам дека е и терминолошко усогласување и техничко, но и суштинско.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓа Ивановска имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, сметам дека овој амандман не е прифатлив од причини што архитектонското проектирање е исто така опфатено во делот на заштита на авторските права и сметам дека законодавецот во овој член нашол добро решение во заштита на тие права и во текот на изведбата архитектот да ја контролира изведбата на проектот кој што тој го направил. Тоа претставува и авторско дело и заштита на авторските права.

Амандманот не го подржувам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, пет за амандманот, двајца воздржани, 48 против амандманот, а тука сме 62 во салата.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 50 ставови 2 и 4, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија,

Со овој амандман не согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 за менување на став 1, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Тромбев.

**Томе Тромбев:** Благодарам претседателе, во овој член сакавме само да појасниме во однос на категоризација на градбите, меѓутоа, со оглед дека не е многу битен амандман кој ја менува содржината, јас го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Како претседател на Комисијата имате право да го повлечете.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 1 точка 1, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.

Во член 52 се врши категоризација на градбите од големо значење за овој закон каде градби од прва категорија се нуклеарна градба, термоцентрала, центар за истражување, телекомуникациски систем, нафтовод, магистралеен гасовод, продуктовод, магистрален пат, главна пруга, аеродром, хидроелектрана, далновод, депонија за опасен отпад и др.

Се предлага да се додадат зборовите "и автопат" како и во продолжение на целата реченица да се додадат и градби во надлежност на Владата на Република Македонија и другите органи на државната власт на републичко ниво кои се градат од средства од Буџетот на Република Македонија како и градби во националните паркови од Републичко значење и градби кои се простираат на териториите на две или повеќе општини.

Сето ова напред кажано во амандманот, предлагам да бидат градби од прва категорија.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 8 за амандманот, 4 воздржани, 45 против, а во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 1, точка 1, поднесен од пратениците Соња Лепиткова, Петар Апостолов, Лилјана Ивановска, Цветле Јанеска, Драган Ѓорѓиев и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љыпчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 53 поднесен од пратеникот Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Тромбев.

**Томе Тромбев:** Со овој амандман такстативно се наведени објектите кои се од републичко значење, меѓутоа, со оглед дека ќе се работи по законски акт во однос на категоризацијата прва и втора категорија, како што е во членот, би го замолил министерот ваквата категоризација да ја уптреби во подзаконскиот акт.

Амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 53 став 2, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи Градот Скопје дава мислење, односно согласност на генералните урбанистички планови согласно Законот за Градот Скопје.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Токму заради ова образложение на министерот, кажува зошто е поднесен амандманот. Значи, амандманот е поднесен за да се овозможи увидот на Градот Скопје во реализација на тој детален урбанистички план за кој што Градот Скопје дава согласност. Значи, не е доволно само да даде согласност при донесување на деталниот урбанистички план, туку да има и увид во реализацијата на деталниот урбанистички план за градбите кои што се од значење за Градот Скопје. Амандманот се однесува на членот 53 став 2 каде што на крајот од реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "по претходна добиена согласност од градоначалникот на Град Скопје за градби од трета категорија". Значи, ќе повторам, во градби од трета категорија спаѓаат градби наменети за основно и средно образование, за спортски дејности, градби од областа на културата, од верски карактер, примарна и секундарна здравствена заштита, социјална заштита и тн., да не го цитирам целиот став. Сметам дека апсолутно не само при донесувањето на деталниот урбанистички план Градот Скопје дава мислење и има увид, туку и во реализацијата на градбите кои што се од интерес на Град Скопје.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата. Во моментов во салата се присутни 60 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пртеници, 7 за, 1 воздржан, 49 против. Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 3 за бришење на точка 1 и за додавање нова точка 1, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе..

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Љупчо Балковски.

**Љупчо Балковски:** Во членот 54 став 3 каде што со барањето од овој член се поднесуваат за барањето за одобрение и решение за локациски услови со идеен проект согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, се предлага целата оваа реченица да се избрише, односно решението за локациски услови да се укине. Кога кажувам, да се укине, се мисли заради поедноставување на постапката, односно да не се води управна постапка за локациски услови, а поради тоа предложените докази се предлагаат да се поднесат во управната постапка. Кои се тие предложени докази? Тоа е доказ за сопственост на земјиштето, значи во барањето, односно Договор за долготраен закуп или Договор за концесија, односно Договор за заедничка градба. Сите овие докази, односно еден од овие докази за сопственост на земјиштето треба да се приложи, а не решението за локациски услови. Значи, ако имаме решение за локациски услови, тоа ќе го комплицира целокупното издавање на одобрението за градба. Ако се исфрли решението за локациски услови за што ќе зборуваме во Законот за просторно и урбанистичко планирање, тогаш едноставно ќе го поедноставиме одобрението за градба, а од друга страна ќе побараме доказ за сопственост на земјиштето, или договор за долготраен закуп, за концесија, или договор за заедничка градба.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Балковски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 9 за, 1 воздржан, 45 против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 3 алинеја 4, поднесен од Комисијата за транспот, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа. Исто така спаѓа во група на амандмани кои се поврзани.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Процедурално, господинот Тромбев.

**Томе Тромбев:** Амандманот е ист со амандманот од Владата. Бидејќи амандманот од Владата е составен дел, овој амандман е беспредметен.

**Љупчо Јордановски:** И што треба да кажеме?

**Томе Тромбев:** Амандманот се повлекува,

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 3 за бришење на точка 4, поднесен од пратеникот Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Томе Тромбев.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе, со овој член се уредуваат потребните документи за добивање одобрение за градба. Во алинејата 4 на ставот 3 се бара доказ за обезбедени средства кои што се во висина од 80% од вредноста на градбата за прва и втора категорија и 50% од вредноста на градбата на трета и четврта категорија. Додека за петтата категорија не е потребно вакво обезбедување. Ценам дека ваквите финансиски

средства ќе бидат премногу големи за да можат да се обезбедат уште во почетокот на градење. Затоа мислам дека овој амандман треба да се прифати.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** За разлика од колегата Томе Тромбев, јас мислам дека предлогот на Владата е сосема исправен од причини што во текот на управната постапка при добивањето одобрение на градба, досега наидувавме на практични проблеми. Имено, еднаш даденото одобрение за период од две години самиот инвеститор, или градител по новиот закон се наоѓаше во една таква тешка ситуација што едноставно со тоа одобрение одеше да го моли надлежното министерство во врска со продолжување. Мислам дека е добро решението на Владата да се прибави и доказ за средствата со кои се започнува инвестицијата. И затоа ќе гласам против амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Драган Ѓоргиев.

**Драган Ѓоргиев:** Јас сметам дека овој амандман треба да се поддржи од следните причини. Во пракса имаме ситуации и тоа во немал број, посебно во Скопје каде што градител кој што е сопственик на земјиште се појавува како градител со договор за соинвеститорство со некоја градежна фирма и таа градежна фирма е изведувач, а градителот, односно сопственикот на земјиштето во определен процент, на пример 25%, или 30% добива од градбата кога ќе биде изградена, кога ќе добие технички прием. И затоа овој амандман од практични причини, да не ги спречиме овие договори за соинвеститорство кои што функционираат во пракса и се реализираат. Сметам дека на градителот треба да му се остави можноста да нема финансиски средства, со тоа што има градежно земјиште кое што е многу вредно и да има услови за договор за соинвеститорство. Овој амандман треба да биде прифатен.

**Љупчо Јордановски:** Кажете како дел од расправа по амандманот. По амандмани немаме реплики. Само ќе се пријавувате да ги објаснувате и браните амандманите. Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Во поддршка на прифаќање на овој амандман. Со барањето од став 2 од овој член постапка за издавање одобрение за градба, се кажува дека во точка 4, доказ за обезбедени средства како финансиска конструкција на градбата во висина на пресметковната вредност утврдена со основниот проект за градби од прва и втора категорија. Сега ако се вратиме малку на членот 52, ќе видиме дека потребно е да се обезбедат средства за градби од прва категорија, тие пред малку ги цитирав: нуклеарна градба, ако прави Република Македонија, односно термоцентрала, или телекомуникациски систем, односно нафтовод, гасовод, па и автопат сега што го прифативме тоа, магистрален пат, или депонии за опасен отпад. Значи, Владата треба да даде доказ за сите обезбедени средства како финансиска конструкција. Па тоа самото Министерство за финансии нема да го даде, затоа што сите овие градби од прва категорија, односно и од втора, еве кои се градби од втора категорија, тие се за високо образование, значи за терцијална здравствена заштита, регионални патишта, граничен премин, хидроелектрани, далноводи, тие не можат да се направат во една година. Како ќе се даде доказот дека тие средства се обезбедени? Поготово од трета категорија, значи за прва и втора категорија воопшто нема услов да се обезбедат средства, односно да се даде доказ дека тие средства се обезбедени како финансиска конструкција во висина на целокупната пресметковна вредност утврдена со основниот проект. Градби од трета категорија треба да се обезбедат најмалку 80%, а градби од трета категорија се основно и средно образование, значи ќе треба да ги обезбедуваат општините, градби наменети за спортски дејности, градби од областа на културата, градби од верски карактер. Како верска заедница ќе приложи доказ пред почеток на верски објект, доказ од 80% кога таа градба ќе ја плаќаат верниците со собирање на доброволни прилози. Значи, прво треба да соберат 80% од вредноста на објектот и тогаш Министерството, односно за трета и четврта категорија локалната самоуправа, општина, односно градоначалник ќе им дадат дозвола за градба. Кога ќе се градат тие објекти? Едноставно целокупната градба во Република Македонија ќе дојде до застој со оваа точка, односно со овој член. Од четврта категорија се станбени и деловни градби до висина од три нивоа, градби за мало стопанство. Сега од една страна викаме, сакаме да придонесеме за развој на малото стопанство, тука доаѓаат инфраструктури и трафостаници, а од друга страна ќе им бараме уште пред почетокот на градбата тие да имаат доказ за обезбедени 50% од четврта категорија. На ваков начин донесен член, односно точка 4 од овој член, едноставно ќе дојде до застој на градежништвото и за тоа ќе бидеме сведоци многу брзо кога ќе имаме премногу барања, меѓутоа Мнистерството за транспорт и врски не ќе може да им ги даде одобренијата за градба, односно и градоначалникот само заради овој член од законот. Се кажува дека доказ за обезбедени средства, како ќе ги обезбедиме средствата, како ќе обезбедиме комплетно средства за еден автопат од прва категорија кога за тие средства треба и државата и банките, во некои случаи ако се оди и на концесија, давање на концесија за делници од автопатот. И сега ние ќе треба тоа целокупно да го собереме, па после да дадеме одобрение за тоа, или ќе градиме без одобрение. И ќе видите дека ако се донесе овој член, прво ќе се направат објектите, затоа што ќе имаат локациски услови, сега што не го прифативте мојот член, значи тој ќе има решение за локациски услови и ќе може да почне да гради согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање. Не ќе можат да го рушат затоа што се вклопува во деталниот урбанистички план, меѓутоа од друга страна не ќе може да му се даде одобрение за градба, затоа што не ќе го исполнува условот дека ќе има доказ за обезбедени средства дали 100%, 80% или 50%. Па од кога ќе го изгради

објектот, тогаш ќе побара одобрение за градба и ќе имаме поголем број на објекти без одобрение за градба.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Балковски.

Има збор господинот Џемали Мехзи.

**Џемали Мехази:** Јас овој амандман не го прифатив со оглед на тоа дека следниот амандман исто се однесува на тој амандман за кој беше предвидено да го прифатиме. Па за да не се отвора расправа интервенирам со информацијата.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Томе Тромбев.

**Томе Тромбев:** Ако е таква намерата на министерот, тогаш јас овој амандман го повлекувам, бидејќи сега изјави дека наредниот амандман на господинот Балковски ќе го прифати каде што се бришат членовите 4 и 6 од алинеите.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е повлечен.

Процедурално, госпоѓа Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Процедурално, затоа што барам појаснување од министерот за кој амандман рече дека би го прифатиле, затоа што не се воопшто идентични двата амандмани.

**Слободан Најдовски:** Тој тоа ќе го каже кога ќе дојде време.

**Лилјана Ивановска:** Меѓутоа прашањето е суштинско.

**Слобдоан Најдовски:** Амандманот е повлечен од страна на предлагачот и расправата е завршена по амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 3 за бришење на точките 4 и 6, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на текстот на законот.

Амандманот на член 54 став 3 за додавање нова точка 6 по точката 5, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Амандманот на член 54 став 3 за додавање нова точка 6 по точката 5, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова и Благој Големеов, кои се точки 55 и 56 од списокот на амандманите по кои се води претрес се со иста содржина.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 3 за додавање нова точка 6 по точката 5, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски и од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова и Благој Големеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амадманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници. Не треба да ве потсетувам на 1963 година и земјотресот во Скопје. Затоа сметам дека во член 54 ставот 3 треба да стои нова точка 6 "одобрена студија со позитивна оценка на остварениот квалитет на сеизмичката заштита на објектот во согласност со генералната државна стратегија за контрола и намалување на сеизмичкиот ризик". Затоа сметам дека оваа нова точка 6 ќе допринесе во делот на сеизмичката изградба и сеизмичката заштита во Република Македонија. Апелирам колегите пратеници да го поддржат амандманот.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Соња Лепиткова.

**Соња Лепиткова:** Овој амандман го поднесовме со таа цел како што кажа и госпоѓата Лилјана Ивановска и тој не менува некакви значајни одредби, туку само надополнува и на некој начин квалитативно го уредува овој член од аспект на тоа дека поголем дел од територијата на Република Македонија се наоѓа во една така трусна зона која што во тек на периоди може да, и ние сме сведоци дека вакви појави се присутни во Република Македонија со цел на заштита и тоа што е афинитет кон светскиот тренд во градежништвото и ние со овој член на некој начин да ги прифатиме тие одредби и со тоа да бидеме дел од она што значи нови, современи градби кои што ќе вршат на некој начин и сеизмичка заштита и на теренот и на самите градби.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лепиткова.

Има збор пратеникот Љупчо Балковски.

**Љупчо Балковски:** Најнапред сакам да го прочитам тоа што го бараме ние како пратеници пред да се стави во законот во член 54, а тоа е "одобрена студија со позитивна оцена на остварениот квалитет на сеизмичката заштита на објектот, во согласност со генералната државна стратегија и намалување на сеизмичкиот ризик".Ова е направено во консултација со ИЗИС каде што беа присутни на Комисијата за транспорт и врски. Само тоа се бара.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Балковски.

Констатирам дека нема повеќе пријавени, за збор амандманот го ставам на гласање.

Ве повкувам да гласаме.

Добро, тогаш да гласаме, а потоа ќе утврдиме дали имаме кворум.

Гласале 44 пратеника, 30 за, нема воздржани 14 против.

Молам, службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

Во саслата се присутни 58 пратениц.

Претходното гласање го поништувам.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата

(Пратениците влегуваат во салата.)

Сега имаме доволен број на пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 56, од тоа 41 за, 3 воздржани и 12 против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 54, став 3 за додавање нова точка 6 по точката 5 поднесен од пратеникот Љупчо Балковски и од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова и Благој Голомеов.

Отварам претрес по амандманот на член 54 за додавање нов став 8 по ставот 7 поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт господинот Мехази.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 54 за додавање нов став 8 по ставот 7 поднесен од пратениците Соња Лепиткова, Петар Апостолов, Лилјана Ивановска, Цветле Јаневска, Драган Ѓорѓиев и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт господинот Мехази.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Не се прифаќа бидејќи се коси со претходниот амандман.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Апостолов Петар.

Повелете господине Апостолов.

**Петар Апостолов:** Благодарам господине потпретседтел.

Се однесува за член 54 односно постапка за издавање одобрение за градење. Со овој член во став 6 каде што се повикува дека најдоцна во рок од 15 дена треба да се достави согласноста или мислењето до надлежниот орган, нашиот амандман е тоа што после прибирање на комплетната документација, значи после прибирање на ова мислење ние бараме одобрение за градба да се издаде во рок од 15 дена.

Што е целт? Сметаме дека со ова ќе се забрза постапката за добивање на одобрение за градба и друго многу поважна работа ќе се укине можноста за дискреционо право на органот кој го издава одобрението непотребно да го држи во фиоката веќе донесената комплетна документација. Сметаме дека 7 дена е малку и затоа отидовме на 15 дена.

Значи целта, уште еднаш ќе повторам, да не стои цела документација во фиока кога веќе има се припремено, туку да се даде на оној што сака да го гради.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Апостолов.

Има збор господинот Томиќ Зоран.

Повелете господине Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Се јавив за збор повеќе од правна и процедурална природа и по двата амандмани и по тоа што министерот даде согласност, бидејќи се однесуваат на истиот член 54 за посебен став, да се додаде нов став 8 и беше прифатен амандманот од пратеникот Љупчо Балковски дека нели, одобрение за градба се издава во рок од 7 дена од денот на прибирање на комплетна документација, а колегата Петар, Соња, Лилјана, Цветле, Благој, Драган се однесува наместо седум дена да биде 15 дена.

Сакам да укажам следното, дека ваквата одредба која сега е веќе прифатена за 7 дена е директно спротивна со Законот за општа управна постапка каде се предвидени тие рокови. Во овој закон за градба може да се предвиди само еден рок, а тоа е рокот на жалба што Владата го члени во членот 57 став 2 а тоа се 15 дена до Второстепената комисија.

И уште нешто за да се види нелогичноста на предложените два амандмани вака за уво звучи многу убаво, меѓутоа во праксата претставува голем проблем.

Во членот 55 имаме формулација став 2," по исклучок од став 1 на овој член, одобрение за градба може да се издаде и за дел од градбата". Овдека се предлага за комплетната документација, а што правиме тогаш за дел од градбата, каде што исто така е одобрение.

Од тие причини јас ве упатувам и мислам дека е најпаметно да овие два амандмана се разгледаат во договорот со министерот по можност истите да се повлечат, повторувам се коси со одредбите од Законот за општа управна постапка.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Томиќ.

Има збор пратеникот Лилјана Ивановска.

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам.

Со оглед дека претходно беше прифатен истоветниот предлог, само разликата беше кај господинот Балковски, беше прифатенод страна на Владата рокот од 7 дена додека нашиот предлог е рок од 15 дена. А, тоа што господинот Томиќ го кажа за член 55, каде што вели дека се однесува на делот кога има одреден комплекс каде што тој дел претставува посебна градежно-техничка функционална целина, тогаш и за тој дел може да има комплетна техничка документација. Така што тоа не држи во делот на рокот. Нашиот амандман беше во функција на забрзување на издавање

одобрение за градење кога е комплетирана техничката документација.

Бидејќи амандманот е безпредметен, имам одобрение од колегите пратеници предлагачи, освен од Цветле Јаневска, Драган Ѓорѓиев, доколку се согласни, да го повлечеме амандманот.

(Пратениците се согласуваат)

Го повлекуваме амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на член 57 ставови 1 и 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт, господинот Мехази.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на текстот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 63 став 1 поднесен од пратеникот Тома Глигориевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт, господинот Мехази.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Не се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Глигоријевски Тома.

Повелете господине Глигоријевски.

**Тома Глигориевски:** Благодарам господине потпретседателе.

Членот 63 се ондесува на подготвителните работи и на привремените градби кои треба да се изградат, кои се еден дел да кажам почетна фаза во изградба на објектите. Тоа го третира само дека такви привремени градби се потребни за градби од прва и втора категорија додека на сите ни е јасно дека и за град, и за згради и за болници за сите други градби па дури и за семејни куќи кои се градби од трета, четврта, па сега веќе и од петта категорија, се потребни привремени градби за складирање на материјал, за работници, за стражарски служби и слично.

Од тој аспект и го поднесов овој амандман за да таквите привремени градби за било кој објект, за било која категорија бидат да кажам регулирани со добивање на одобрување за изградба на таква привремена градба со оглед на тоа дека и таквите привремени градби после ќе бидат неопходен услов за градбата и за објектот да добие употребна дозвола.

Сега во пракса се случува да во центрите на гадовите, каде што ќе се гради зграда, ќе никнат бараќи, после зградата ќе се пушти во употреба, а бараќите ќе си останат и по разни канали ќе се претворат во трафики, контејнери или не знам што, а инвеститорот ќе си го предаде објектот во употреба, затоа што отстранувањето на привремени градби кои служеле за градење на објекти од трета, четврта и петта категорија никаде не ги третира овој закон.

Од тој аспект си мислев дека одредбата за привремени градби дека треба само за прва и втора категорија да се избрише и да привремените градби се третираат за сите категории на градби.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Глигоријевски.

Констатирам дека нема повеќе пријавени го залучувам претресот по амандманот.

Немаме кворум за гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат.

(пратениците влегубаат во салата)

(Со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието, господин Љупчо Јордановски)

Ги молам пратениците да влезат во салата треба да гласаме по амандманот.

(Пратениците влегуваат)

Благодарам.

Сега се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, 12 за амандманот, 2 воздржани, 42 против.

Како што реков во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на член 63 став 1 за додавање нова алинеја 6 по алинеја 5 поднесен од пратеникот Тома Глигоријевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете министре..

**Џемали Мехази:** Не се прифаќа амандманот, поради тоа што е опфатена во истиот член во алинеја 6.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Далил некој бара збор.

Повелете господине Глигоријевски имате збор.

**Тома Глигоријевски:** Благодарам господине претседателе.

Во алинеја 6 се предвидени други градби кои се потребни за изградба на градбата. Дигалките или крановите по мене се специфичен објект киј мора да задоволуваат посебни прописи и посебни дозволи за монтирање или изградба на такви објекти, а се неопходни за изградба на секоја градба, меѓутоа, доколу претставникот на Владата

мисли дека се опфатени и тие не мора да бидат посебно, јас ќе го повлечам амандманот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повелечен.

Отварам претрес по амандманот на член 63 став 3 поднесен од пратеникот Тома Глигоријевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Не се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен.

Повелете господине Глигоријевски.

**Тома Глигоријевски:** Јасно е дека привремените градби, како што остана со неприфаќање на првиот амандман, од прва и втора категорија со завршување на градбата ќе си го исполнат своето и дека ќе треба да се отстранат. Намерата на овој амандман мој беше дека ако се прифати првиот амандман, каде што привремените градби ќе се третираат и за објекти од други категории и за изградба на повеќе згради може да се користат, вака бидејќи не е прифатен првиот амандман, овој е помене безпредметен и го повлекувам истиот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на член 63 за менување на став 5 поднесенен од пратениците: Драган Ѓорѓиев, Цветле Јаневска и Соња Лепиткова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Не се прифаќа амандманот. **Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен дали некој бара збор.

Повелете госпоѓо Јаневска имате збор.

**Цветле Јаневска:** Благодарам господине претседател,

Амандманот се однесува на член 63 кој ја регулира постапката за добивање одобрение за подготвителни работи и во истиот тој амандман се дефинирани пропратните градби кој што треба претходно да се изградат за да се создадат услови за градба на главниот објекти. Како ваквите градби се навистина од голем обем по инвестиционата вредност, полнопати се еднакви а можеби ја надминуваат вредноста на чинењето на главниот објект, како што се асфалтна база, сепарација, далновод, трансформаторска станица, мислам дека треба да се иземат и да се побара одобрение за вакви подготвителни работи откако ќе се добие одобрение за градба, за што тогаш стануваат целисходни изградбите. Во спротивно, инвеститорот се изложува на непотребни инвестициони задолжувања, а може да не се добие одобрение за градба.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да поминеме на гласање, службите нека го утврдат бројот на пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат бројот на пратеници во салата)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците од Клубот, бидејќи нема ниту една комисија, сега и нема оправдување, да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата.)

Благодарам.

Сега имаме 61 пратеник.

Но, 61 не значи дека другите пратеници не треба да влезат.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 14 гласале за, 4 воздржани, 39 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точка 9 на Глава 5, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

Повелете господине министре.

**Џемали Мехази:** Не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Китановски, имате збор.

**Илија Китаноски:** Амандманот се однесува на Глава 5 точка 9, тоа е практично поднаслов кој што во Предлогот на законот гласи "градби за кои не е потребно одобрение за градење".

Сметаме дека овој наслов не соодвествува и може да предизвика впечаток кај барателите односно кај потенцијалните градители дека за наведените градби во сите алинеи во член 44 не е потребно одобрение за градење односно дека едноставно може да се гради без никаква друга неопходна документација, иако во ставот 2 од истиот член стои дека при изведување на градежни работи од став 1 на овој член градителот, изведувачот се должни да се придржуваат на законите и другите прописи. Меѓутоа тоа експлицитно не е кажано, на пример за изградба на мерни станици, градби за општа употреба, наменети за влез и излез на патници, перони, уредени површини кои се на терен, пристапни патеки, приклучоцина градба за примарна инфраструктура, детски игралишата, терени за фиксни реквизити, некој регионализиран пат кој служи за стопанисување со шуми и други природни ресурси, пешачки патеки и т.н. дека не е потребен заверен основен проект. Амандманот токму на тоа се однесува, промена на насловот и да биде "градби за кои е потребен само заверен основен проект".

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 7 за амандманот, нема воздржани, 50 против, а во салата е присутен 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 1 поднесен од пратениците Илија Китаноски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски Џаемаил Мехази.

**Џемаил Мехази:** Не се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Бидејќи претходниот амандман не е прифатен, а овој произлегува условно од прифаќање на претходниот амандман, па затоа го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 4 за бришење на алинеите 4 и 5 поднесен од пратениците Лилјана Ивановска и Соња Лепиткова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски Џаемаил Мехази.

**Џемаил Мехази:** Се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 1 точка 4 за бришење на алинеите 4, 5 и 14, поднесен од Комисијата за транспорт , врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски Џаемаил Мехази.

**Џемаил Мехази:** Не се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор?

Повелете господине Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Јас сметам дека овој амандман треба да биде прифатен од следните причини.

Не смееме да дозволиме да нема потреба за одобрение за градба за градба од следниот вид:

-градба за општа употреба наменета за влез и излез на патници, перони, уредени површини кои се на ниво на терен, пристапни патеки и слично. Значи, нешто за кое пред се е важна безбедноста за патниците да нема потреба за одобрение за градба.

Понатаму, алинеја 5 - приклучоци на градбата за примарна инфраструктура. Тоа значи електрична и телекомуникациска мрежа, водовода и канализација, гасовод и топловод.

И овде според мене е неприфатливо да нема одобрение за градба.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Тромбев.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе, овој амандман е поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија и Комисијата ценеше дека градбите кои што се од ставот 1, точка 4 алинеја 4, 5 и 14 дека не треба да потпаднат под режим за кој не е потребно одобрение за градење.

Точките 4 и 5 се веќе прифатени од претходниот амандман и останува точката 14.

За точката 14 би сакал да нагласам дека се однесува за градби од поголем обем. Тоа се: платоа за паркирање на возила; отворен базен со површина од 100 метри квадратни и длабочина до 1 метар; тремови, пезоли, склуптури. Да ве потсетам Ајфеловата кула е склуптура. Може да се доведеме во многу неприајтна ситуација и затоа од тие причини каде што се членови и колешките Соња Лепиткова и Лилјана Ивановска, кои го поднесоа претходниот амандман, јас инсистирам да се прифати овој амандман како би се средила состојбата во оваа сфера.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Искрено да ви кажам дека прв пат слушам дека Ајфеловата кула е склуптура.

Госпоѓо Ивановска имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Да господине претседателе Ајфеловата кула била експонат на Светската изложба.

Амандманот што е предложен од Комисијата за транспор ти врски, разликата меѓу нашиот прифатен амандман што го поднесовме јас и госпоѓата Лепиткова беше бришење на алинеите 4 и 5, за кои што господинот Драган Ѓорѓиев веќе зборуваше, меѓутоа тие веќе се прифатени. Значи, не е прифатено само бришењето, затоа што условите во кои што ги подготвувавме амандманите на Комсијата и ние поединечно како пратеници немавме доволно време за усогласување на амандманите кои беа предлагани, затоа што имавме генерално договарање на Комисијата и поединечно предлагање на амандмани како пратеници.

Сметам дека со прифаќањето на овој амандман нема да се наруши претходното прифаќање на нашиот амандман со кој се предлагаше бришење на точките 4 и 5, а прифаќањето на амандманот на Комисијата за транспорт и врски само ќе го изземе партерното уредување околу семејна куќа, алинеја 14 која гласи: "партерното уредување околу семејна куќа или станбен објект, патеки, платоа за паркирање на возила, натстрешница, камин со површина до еденипол метар квадратен и т.н.", за

кое што зборуваше господинот Томе Тромбев сметам дека со прифаќањето на овој амандман на колегите рпатеници нема да се наруши текстот на законот со прифаќањето на нашиот, претходниот амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Да ви кажам една работа. Експонат по дефиниција значи се експонира и после извесно време се тргнува, а Ајфеловата кула уште постои.

Бидејки никој друг нема пријавено за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, од кои 46 за, нема воздржани, 9 против.

Молам, службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 74 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине министре.

**Џемаил Мехази:** Се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 75 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Соовој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот.

Повелете господине министре.

**Џемаил Мехази:** Се прифаќа амандманот, поради тоа што е поврзан со претходните амандмани кои беа прифатени.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за член 76, ставови 4 и 5 поднесен од Законодавно-правната Комисија.

Со овој амандман  се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот.

Повелете господине министре.

**Џемаил Мехази:** Се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 78, ставови 3 и 6 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот.

Повелете господине министре.

**Џемаил Мехази:** Се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 81,став 2 поднесен од пратеникот Тома Глигоријески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине министре.

**Џемаил Мехази:** Не се прифаќа амандманот. **Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Глигоријевски.

**Тома Глигоријевски:** Амандманот се однесува на привремените градби и предвидув аодобрението за употреба на објект да биде предуслов за добивање на одобрението да биде отстранување на привремената градба. Мислам дека требаше да го прифати Владата, а бидјеки таа не го прифати ги молам пратениците да го прифатат.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки никој нема приајвен за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, од кои 13 за, 3 воздржани и 38 против, а во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандман на член 86 став 2 поднесен од пратеникот Љупчо Балковски и амандман на член 86 став 2 поднесен од пратениците Илија Китаноски и Силвана Бонева, кои се точки 73 и 74 од списокот на амандмани по кои се води претрес се со иста содржина. Значи

Отворам претрес по амандманот на член 86, став 2 поднесен од пратеникот Љупчо Балковски и од пратениците Илија Китаноски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине министре.

**Џемаил Мехази:** Не се прифаќа амандманот. **Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор?

Повелете господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Суштината на амандманот е во член 86 став 2 после зборот "просторија" се става запирка, а зборовите "најмногу до први кат" се бришат.

Амандманот се поднесвуа заради усогласување со другите важечки закони, а и со некои одредби во овој закон, каде што воопшто нема ограничување на катноста за деловни простории.

Инаку, членот 86 третира дека по исклучок на став 1 од овој член дел од објект што претставува стан, дел од стан или повеќе станови, помошно станбени или  заедничка просторија најмногу до први кат, тоа е она што го менуваме во зависност од дејноста може да се преадаптира со намена од станбен во деловен простор или обратно, ако ги исполнува условите утврдени со овој или друг закон.

Не гледаме причина зошто се ограничува катноста кога со други закони, ќе повторам, и со одредби во овој закон деловни простории не се ограничени само на приземје и први кат, а на втори или трети да нема. Сведоци сме дека деловни простории има, има комплетно деловни центри каде што и на петнаесети кат се деловни простории и не гледам причина зошто во пренамената граѓаните да ги ограничиме ако имаат евентуално стан или друга просторија на трети или на втори кат, или на пети, независно да не можат да ги преадаптираат во деловен простор. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Главата 8 ја дефинира употребата одржување и отстранување на градежен објект. Членот 86 и другите членови ја регулираат употребата на градежен објект и пренамена.

Во став 1 пишува "објектот се употребува согласно неговата немена". Значи во архитектонскиот проект, во основниот проект ќе биде дефинирана намената, додека исклучоците во став 2 регулираат пренамена исклучиво до први кат од станбен во деловен простор. Значи таа пренамена, измена на намената може да се врши само до први кат.

Во минатото имавме едно снаоѓање на луѓето во пренамена од станбен во деловен простор кој што од функционален аспект воопшто не е во ред. Деловните центри за кои што зборуваше господинот Китаноски се посебни функционални целини кои што функционираат како деловни центри и од аспект на функционалното архитектонско планирање од аспектот на намената на објектот нивниот амандман не е во ред, додека амандманите кои што ги предложи Владата во кои што има преодни одредби на веќе адаптираните објекти кои што се реалност во Република Македонија во постојните објекти има преодни одредби за важење на веќе адаптираните објекти. Овој член се однесува за идната изградба и затоа сметам дека овој амандман не е прифатлив од тие причини.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претсдателе.

За мене е нелогично од колешката Лилјана Ивановска затоа што Владата вчера ни достави амандман каде што за оваа проблематика, за постоечките згради и градби што ги имаме апсолутно можат да функционираат овие работи, пренамена од деловен во простор за живеење, а сега за новите објекти каде што ќе треба да ги исполнуваат граѓаните сите услови, кумулативно да ги добие дозволите за сеизмичка издржливост за да се согласат мнозинството сопственици и се друго за објект кој што треба да се гради не можеме да ги ставиме под исклучок на став 1 на овој член, а за се што досега функционирало тоа може да се стави. Јас не гледам никаква  причина ако тоа биде најмногу до првикат, како што стои тука да се избрише, затоа што и во текот на вчерашниот ден кога расправавме на Комсијата во однос на амандманот кој го предложи Владата на членот 47 токму тоа прашав. Владата кажа дека во тој момент и во овој момент се што е изградено може така да функционира и дека тоа ќе биде регулирано.  Сега доаѓаме во ситуација за нешто што е поново, што треба сега да се гради ние во старт даваме забрана.

Мислам дека во моментов во Република Македонија вакви градби ги има премногу и со тоа што ние ќе дозволиме ќе направиме еден хаос  во сите овие простори.

Ова што говорите за деловни центри апсолутно не знам дали некој може делеовен центар да пренамени во станбен простор. Во секој случај е обратно од тоа. Тоа се случува и за тоа ќе треба да се поведе повеќе сметка.

На овој начин јас би гласал за амандманот и ги повикувам пратениците да го гласаат овој амандман затоа што е многу подобар од оној што го предлага Владата со кој ги легализира сите подигнати досега објекти, дали биле на први, на шести или на дванаесети спрат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китаноски имате збор.

**Илија Китаноски:** Значи и покрај објаснувањето повторно не гледам причина зошто и кој е критериумот по кој што се  раководел предлагачот новите градби, каде што критериумите за градба се многу поизострени ја ограничи пренамената најмногу до први кат. Зошто не до трети, зошто не до втори. Мислам дека треба да стои некое образложение зошто е до први кат, или едноставно сметале дека заради висината не може да се адаптира во деловни простори. Ако може до први кат да се адаптира зошто да не може до пети кат. Која е разликата.

Мислам во суштина дека и амандманот што Владата го предлага можрби ќе ја реши ситуацијата со објектите кои ќе се градат, меѓутоа носиме закон кој што треба да важи долго време. Кај нас обично законит еповеќе од две, три години не важат и веројатно на тоа се мисли, овој закон по две, три години ќе претрпи измени, меѓутоа не е така. Закон

се носи за да важи  многу подолго време и со овој член вака како што е концепиран ако не се усвои амандманот ќе ги ограничиме идните објекти и ќе ги ставиме сопствениците на станови во објекти што ќе се градат допрва во нерамноправна положба со оние што сега имаат такви станови. Едноставно мислам дека тука се нарушува принципот на еднаквост, кој е уставен принцип.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китановски, јас колку што знам под први кат нема приватни станови и живеалишта. Истото прашање е зошто тие не плаќаат за кров, или тие од последниот кат не плаќаат за нешто друго. Сосема е непријатно на трети кат да има деловни простории, а испод да се приватни станови. Тоа треба да го доживеете.

Повелете господине Балковски

**Љупчо Балковски:** Ви благодарам претседателе, значи  дообјаснување на овој амандман. Овдека не се кажува по овој амандман дека само со овој закон, или само со овој член становите можат да се пренаменат во деловни простории, или деловните простории, обратно во становии.

Значи треба да се исполнуваат и други услови, без разлика што сопственикот на станот ќе сака да направи деловен простор во станот, ако не ги исполнува другите услови, нема да му се даде.Затоа, не треба да има ограничување во членот. Затоа што на пример ако имаме функционална целина  од стамбен и деловен простор, деловниот простор зафаќа приземје и први кат, дали вториот кат, односно прв кат од станбени згради ќе можат да извршат пренамена, или не. Затоа што тој во целината ќе биде втори кат, а всушност, во вкупната целина на објектот ќе биде прв кат од стамбен простор. Значи, ќе доведе до забуна од една страна,од друга страна повторно ќе дојде до забуна сегашните давања, односно издадената пренамена од стамбен на деловен да имаме начин зошто, прашањето ќе биде зошто сега овој да има деловен простор. Ќе биде, дека тој е по стариот закон. Дајте да направие дали ги исполнува условите или не, а не дали по стар, или по нов закон.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Ивановска да се дообјасниме.

**Лилјана Ивановска:** Рековте дека ќе се дообјасниме со мојата дискусија. Токму членот 86, намерата на овој член од предлагачот на законот е да се прекине негативната пракса досега за мешањето на функцијата станување со деловен простор. Од друга страна се нарушува правото на мирно домување. Затоа мислам дека предлагачот е во право за ограничување за измена на намената од стамбен во деловен простор, а тоа што вчера го зборувавме на Комисијата за транспорт и врски, се однесуваше за преодни и завршни одредби на веќе пренаменети простори деловни, кои што имаат свое вложување во тоа, или законот не бил донесен досега и тие во преодните и завршните одредби овие намени ќе ги задржат. Значи прекина негативната пракса  во Република Македонија во делот на пренамена во стамбен и деловен простор.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Китановски мислам дека треба да прекинеме, затоа што не можеме да се убедиме. Ќе изгласаме, па ќе видиме.

**Илија Китановски:** Немам намера да се убедуваме. По трет пат да се убедиме, колегите и јавноста околу последната реченица  господине претседателе и на госпоѓата Ивановска. Значи на први кат кога ќе имаме и деловни и стамбени простории, тогаш не се нарушува принципот на мирно домување на станарите. Значи, на први кат ќе имаме случаи во новите градби да имаме и деловни простории и стамбени. Дали во тој случај не се нарушува принципот на мирно станување итн. Имаме една ситуација која вие ја спомнавте дека ако е на горниот кат се нарушува мирното становање на станарите. А на првиот кат ќе имаме и стамбени и деловни простории. Само тоа.

**Љупчо Јордановски:** Има разлика. На тој што е првиот, ако јас сум на вториот кат, јас можам да му тропам, а не тој на мене. Така да има голема разлика.

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Повторно едно дообјаснување. На ваков начин, значи со овој член на законот, ние ќе доведеме, првиот кат од сите станбени згради по пазарна цена да биде многу поскап од другите катови, затоа што сопствениците ќе имаат можност тоа да го продадат после и да го пренеменат во деловен простор, за разлика од сите други катови од втори кат па натаму.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е веќе друг аргумент, за кој може да се размисли.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 7 за амандманот, 2 воздржани и 46 против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 86 ставови 6 и 7, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на членот 87 ставови 4 и 5 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам представникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот. Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 87 став 5 поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Господине претседателе и господине заменик министре, тука се два амандмани веднаш после него предложени од колегите пратеници. Се работи за лиценцата и рокот за важење. Мислам дека и кај сите пратеници преовладуваше дека рокот од пет години е мал. Значи, тука стои зборот во едниот амандман да се замени зборот " пет " со зборот "десет". Во другиот зборот" пет " се заменува со зборот " седум". Бидејќи имате можност за одземање на лиценцата, мислам дека амандманот е од техничка природа на важење. Апсолутно не менува ништо. Добро е да биде за десет години, така да лиценцата може да важи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник 12 гласале за, нема воздржан, 49 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 87, став 5 поднесен од пратениците: Соња Лепиткова, Петар Апостолов, Лилјана Ивановска, Цветле Јаневска, Драган Ѓорѓиев и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на членот 128 став 1 поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот, господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Со амандманот на предлагачот е составен дел, така да амандманот не се прифаќа, бидејќи е составен дел.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Балковски, повелете.

**Љупчо Балковски:** Ние оваа дефиниција за семејна куќа ја прифативме во член 2 од овој закон, така да нема воопшто потреба сега од член 22. Така да, го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Постои форма, постои процедура, вие значи го повлековте овој амандман и ни ја олеснивте работата.

Отворам претрес по амандманот на член 92 став 1 поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници 15 гласале за, 1 воздржан, 44 гласале против амандманот.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 93 за додавање два нови става, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандманот не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 96 став 2, поднесен од пратениците Ејуп Рустеми, Рафис Алити и Семијал Хасани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 97 став 6, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 98 став 1 за додавање нова точка 6 по точка 5, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Кога веќе донесовме Комората да ги издава лиценците и овластувањата, во член 98 став 1, во точката 5, треба да се додаде дека Комората формира комисија за спроведување на стручниот испит. Ако не се прифати сега, самата Комора во Статутот тоа ќе го направи.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Ивановска, повелете.

**Лилјана Ивановска:** Господине претседателе, господине Кошутиќ, бидејќи вие бевте отсутни, веќе министерот прифати амандман во кој што решението во кое го потпишува претседателот на Комората, сметам дека формирањето на Комисијата за спроведување на стручниот испит треба да стои во овој амандман кој што е предложен и затоа што претходно беа направени многу измени во делот на Комората, овој амандман треба да биде прифатен за да се разреши дилемата околу формирањето на Комисијата за полагањето на стручниот испит кој што треба да биде во Комората. Го поддржувам овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Господине Тромбев, повелете.

**Томе Тромбев:** Јас имам спротивно мислење, бидејќи ценам дека самата Комора во нивниот Статут ќе ги пропише условите околу ова. Затоа не го поддржувам овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Јас мислам дека зборувате за две различни работи. Колку што јас разбрав со ова се обврзува Комората да формира таква комисија, а прописите и правилата за работа си остануваат во Комората.

Во секој случај, госпоѓо Ивановска, повелете.

**Лилјана Ивановска:** Господине претседателе, затоа се јавив за збор. Овој амандман во членот 98 предвидува, Собранието на Комората да ја формира Комисијата за полагање на стручен испит. Тоа е така.

**Љупчо Јордановски:** И јас така го разбрав, а не да пропишува процедури како ќе работи Комисијата.

**Драган Ѓорѓиев:** Затоа што и наредниот амандман е ист, поднесен од Цветле Јаневска, Соња Лепиткова и од мене и затоа што во нареднот закон за урбанистичко и просторно планирање е интервенирано преку Комисијата, токмуј во оваа насока за формирање на комисија и сметам дека овој амандман треба да се поддржи, бидејќи Комисијата за транспорт и врски го има истиот став за Законот за урбанистичко и просторно планирање.

**Љупо Јордановски:** Господине Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** Јас сум на став дека пратениците треба да го поддржат овој амандман, затоа што и наредниот е сличен со некоја додавка и не се согласувам со господинот Тромбев, затоа штео ако беше така, тогаш и сите овие потврдувања на висина на членарина, годишна пресметка, донесува кодекс на професионална етика и мислам дека не требаше да ги нагласиме и Собранието на Комората ќе ги донесе тие акти. Затоа мора да се каже дека мора да се формира комисија за спроведување на стручниот испит. Во овие 9 предвидени работи, мислам дека ова е составен дел, затоа што и Владата и ние како Комисија се согласивме да го имаме ова предвид. Затоа јас ќе го поддржам амандманот и ги повикувам колегите да гласаме за него.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи веќе нема никој пријавено, ќе видиме како пратениците ќе го поддржат.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 24 гласале за, 4 воздржани, 32 против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 98 став 1 за додавање нова точка 6 по точката 5, поднесен до пратениците Драган Ѓорѓиев, Цветле Јаневска и Соња Лепиткова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот, господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Бидејќи тоа се статутарни работи утврдени со точка 9 во истиот член, амандманот не се прифати.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор госпоѓа Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе. Овој амандман е сличен како претходниот, само има друга формулација. Сметам дека овој амандман треба да биде прифатен, Собранието да ја утврдува Комисијата за полагање на стручниот испит.

**Љупчо Јордановски:** Имате збор госпоѓо Лепиткова.

**Соња Лепиткова:** Да се надополнам. Во членот 98 од Собранието на Комората по точка 1 донесува статут и други општи акти утврдени со овој закон и статутот. Ако сето ова надолу што следува статутарно се уредува, јас незнам зошто стојат другите точки од овој член. Така да утврдува Годишен извештај за работа за претходната година. Тоа исто така може да се уреди со статут. Меѓутоа,

исто така како што рековме и со Законот за просторно планирање, бидејќи ова го зедовме предвид, бидејќи амандманот за полагање на испит, каде што беше во членот "испит и овластувања", токму поради тие причини вака го формулиравме овој амандман и јас навистина сметам дека не само технички, туку и суштински Собранието формира Комисија за полагање на испит кој ги проверува дали се исполнети условите за добивање на овластување според овој закон.

Овој амандман сметам дека пратениците без размислување треба да го прифатат.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавено повеќе за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, 21 гласале за, 3 воздржани, 32 против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Господине Караџоски, повелете.

**Жарко Караџоски:** Претседателе, пред да објавите пауза за ручек, да ве замолам од името на пратеничката група да ни одобрите половина час пауза после паузата за ручек, поради партиски активности.

**Љупчо Јордановски:** Не, да не бидам формалист, имам разбирање. Значи, објавувам пауза до 15,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,33 часот)

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да влезат во салата, како и претставникот на Владата.

Отворам претрес по амандманот на член 98 став 1 точка 7, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Ивановска, имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Овој амандман на член 98 со колегите го предлагаме во делот на актите на Комората односно надлежности на Собранието на Комората, во кој што во точка 7, Собранието на Комората донесува ценовник за јавни услуги и тарифник за извршени услуги. После зборот "услуги" додаваме реченица "со утврден ценовник за минимална вредност на услугите". Сметаме заради нелојална конкуренција дека дополнувањето на овој ценовник треба да стои, иако можеби во вашиот одговор, почитувани претставници на Владата, би бил дека тие самите ќе си го регулираат, меѓутоа, сметам дека минимумот треба да биде, минималната вредност на услугите треба да биде дефинирана со посебна реченица. Затоа, апелирам до колегите пратеници да го поддржат овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеници, 11 пратеници гласале за, 1 пратеник гласал воздржано и 37 се против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 101 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 105 став 1 за додавање нова точка 6 по точката 5, поднесен од пратениците Соња Лепиткова, Петар Апостолов, Лилјана Ивановска, Цветле Јанеска, Драган Ѓорѓиев и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 111 став 1 за додавање две нови точки 5 и 6 по точката 4, поднесен од пратениците Соња Лепиткова, Лилјана Ивановска и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Ивановска и внимавајте на кворумот.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Овој амандман со колешката Лепиткова и колегата Голомеов го предлагаме во делот на обврските на Комората, која што води именик и предлагаме нови точки 5 и 6, каде што треба да стои "дипломирани архитекти и инжењери во делот на евиденцијата на дипломираните стручни кадри". И, точка 6 "да води именик за лиценцирани правни лица регистрирани во трговскиот регистер за изведба на градежни работи". Сметаме дека овие именици треба да бидат дополнети во актите на Комората со законско решение.

Апелиран да биде поддржан амандманот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи, повеќе нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 37 пратеници гласале за, нема воздржани и 20 се против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 112 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ. Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 113 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ. Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 130, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 136, поднесен од пратеникот Томе Тромбев.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ. Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, 7 пратеници гласале за, нема воздржани и 44 се против.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 141 ставови 1 и 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 142-а по членот 142, поднесен од пратеникот Тома Глигоријевски.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Глигоријевски, повелете.

**Тома Глигоријевски:** Благодарам господине претседателе.

Во Глава 11 од овој закон - казнени одредби, од член 133 каде што вели "кривично дело за бесправно градење", член 134 - прекршоци на градител, член 135 - прекршоци на лице регистрирано за работи на проектирање, член 136 - прекршоци на проектант, член 137 - прекршоци на ревидент, член 138 - прекршоци на изведувач, член

139 - прекршок на лице регистрирано за работи на надзор, член 140 - прекршоци на надзорен инжењер, член 141 - прекршоци на неизвршување на решение на градежен инспектор, значи на лице кое не го извршило решението. И, сето ова завршува со член 142 - прекршоци на сопственик на објект. Испаѓа дека во почитување на овој закон сите можат да грешат, а дека само надлежните органи на министерствата, инспекциите, на општините, само тие се безгрешни, што не се сложувам. Со оглед дека градењето е голем бизнис и во многу случаи на прекршување на законот ќе се вклучат и лицата на надлежните органи.

Затоа, целта ни беше после членот 142, да се внесе нов член 142-а кој ќе гласи "прекршоци на надлежен орган". Ова што јас го предлагам како амандман каде што вели дека казна следува на одговорно лице на надлежен орган ако даде одобрение за употреба на објект, кој не ги исполнува критериумите кои се предвидени со законот, мислев дека идејата ќе биде прифатена од Министерството и дека ова заглавие ќе го разработат со уште повеќе членови и со уште повеќе казни на надлежните и одговорните лица во министерствата и во државните органи кои треба први да го почитуваат овој закон.

Веднаш да кажам дека позитивно по мене е што во следниот закон кој ќе е тема на расправа на овој закон, а тој е за урбанистичкото планирање, во членовите од 73 до 77 се предвидени казни за одговорните лица во општините и градот Скопје, кои не се придржувале на некои одредби од законот. Значи, ако таму можеме да предвидуваме казни за одговорните лица на луѓе вработени и одговорни во државните органи, нема смисла и во овој закон такво нешто да не се предвиди.

Затоа, јас и сугерирам на Владата и на заменик министерот уште еднаш да размислат за оваа тематика и евентуално накнадно да го дополнат законот и Главата 11 со казнени одредби за одговорните лица вработени во надлежните органи.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Кошутиќ, да видиме како сугестијата ќе ја објасните.

**Дејан Кошутиќ:** За казнувањето за кое спомнува пратеникот, тоа е согласно со Законот за државни службеници, така што од тие причини амандманот не го прифативме.

**Љупчо Јордановски:** Значи, бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 20 гласале за, 1 воздржан, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 143, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ. Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 144 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 144 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 145 за додаваање два нови ставови, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 149 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 151, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Балковски, повелете.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, предлагачи од Министерството за транспорт и врски.

Добро, конечно еве после 101 или 102 амандмани поднесени од пратениците, овој закон треба да оди на гласање и се надевам дека ќе се изгласа. Меѓутоа, сакам малку да проговорите и за членовите од законот односно амандманите кои не се прифатија и другите членови од овој закон, при што сакаме да придонесеме за поефикасно донесување на законот, а од друга страна и да профункционира овој закон и во Министерството за транспорт и врски, а и сега согласно ингиренциите на локалната самоуправа и во органите на локалната самоуправа односно кај градоначалникот.

Овој закон требаше прецизно да ги дефинира односите помеѓу сите учесници во изградбата и презно да ги дефинира правилата на игра во законот за градба односно сите услови кои треба да се исполнат за еден градежен објект во однос на сите услови што ќе се уредуваат согласно овој закон. Меѓутоа, мислам дека прецизно не се утврдени овие услови, почнувајќи од член 1 на овој закон каде се кажува дека се уредува градењето и основните барања на градбата. Меѓутоа, веднаш потоа се кажуваат и други прашања од значење за градењето. Се надевам дека со овој почетен член од овој закон точно ќе се утврди што се уредува со овој закон. Не може уште во првиот член на овој закон, да пишува и други прашања. Ако веќе треба дасе нагласат тие прашања, требаше овде, во овој член од овој закон да се уреди тоа односно да се додефинира кои се тие други прашања од значење за градење, согласно овој закон.

Исто така во член 2, без разлика што се усвоија некои амандмани од оваа страна на салата, меѓутоа сепак градењето не е точно дефинирано. Што е градењето? Градењето не е изведување. Сепак е градење. Значи градењето треба да претставува еден процес на сите останати работи кои доведуваат до градбата односно до градежниот објект. Тука, без разлика што тоа прашање ќе го решаваме во однос на законот за просторно и урбанистичко проектирање, меѓутоа мислам дека требаше да се предвиди и една дефиниција во однос на проектирањето.

Во Главата -основни барања на градбата, во член 3, требаше да се дефинира кои се барања за градбата односно за градежниот објект и на каков начин треба да се изведе објектот. Објаснувањата од претставниците на Министерството за транспорт и врски се дека согласно друг закон ќе се дефинираат техничките својства на градежните производи, можеби држи, меѓутоа, сепак, мислам дека и во овој закон требаше да се внесат односно да се објаснат техничките својства на градежните производи.

Понатаму, во однос на учесници на изградбаста, не се усвои амандманот за инвеститор, така што мислам дека ќе имаме некои нејаснотии и забуни во однос на градител и во однос на изведувач. Меѓутоа, штом така одлучи Собранието, сега веќе ќе имаме учесник во изградбата кој ќе се нарекува градител наместо инвеститор, а друг учесник ќе се нарекува изведувач на градбата. Исто така, управителот на градба треба да изведува дејност од градењето, тоа е веќе член 14, а не само да е регистриран и да има само едно лице вработено од таа дејност. Значи овде станува збор за тоа дека требаше да се допрецизира кој може да биде управител на градба.

Со рокот за лиценците, се согласивме дека тоа може да биде и на 7 години и тоа е во ред.

Основните барања од Комисијата за транспорт и врски мислам дека се прифатени и дефинирани. Во ред е што и лиценците веќе ќе ги издава Комората, не Министерството за транспорт и врски.

Член 52, тука навистина требаше да се дефинираат точно и прецизно сите категории односно категоризацијата на објектите затоа што се остава можност, почитувани пратеници, и градбите од прва категорија и градвите од втора, трета, четврта и петта, се остава можност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, градбите по поделни категории поблиску да ги пропишува министерот. Сега, ако веќе го носевме законот, каде што се објаснува и во образложението дека овој закон, освен дефинирање на точно утврдените правила како ќе се врши градбата во Република Македонија, од друга страна многу беше важен овој закон за донесување на категоризацијата односно на ингеренциите, под чии ингеренции ќе бидат објектите во надлежност на Републиката и кои објекти ќе бидат под надлежност на општинската власт. Сепак, се остава можност пак Министерството да определува кои ќе бидат тие категории затоа што и во градбата од прва категорија па се до градбите од петта категорија, на крај се додава зборот и друго. Ако имаме закон, мислам дека не треба да одиме со таа претпоставка и друго. Што друго во однос на градби од прва категорија. Веќе ако ги набројавме, тоа се нуклеарна градба и почнуваме сега со тоа како што се наброени во членот 52 од овој закон. Значи градби од прва категорија се нуклеарна градба, термоцентрална, центар за истражување, телекомуникациски систем, навтовод, магистрален гасовод, магистрален пат, главна пруга, аеродром,

хидроелектрана, далновод, депонија со опасен отпад и друго. Ако знаеме што, требаше да ги наброиме. Ако не знаеме што требаше да ставиме точка по депонија за опасен отпад и така да завршевме. Зошто оставаме можност со друг подзаконски акт тоа да го направиме, или и друга варијанта, можеби требаШе во прва и втора категорија да оставиме можност  во интерес на Републиката тоа што е, меѓутоа за градби од треба, четврта и петта категорија,  ние да кажуваме дека и друго може да биде ингеренции, дали на Републиката или на Министерството и тоа да го решаваме со пропис кој ќе го определи министерот, мислам дека всушност не си ја има завршено задачата што требаше овој закон да ја изврши во поглед на овој дел, ингеренциите. Во поглед на другите работи, мислам дека сега со дообјаснување односно со прифаќање на амандманите од Парламентот, се дообјаснува законот. Меѓутоа, во поглед на член 52, мислам дека ќе имаме големи проблеми во однос на додефинирање, затоа што ќе се остава можност на Министерството да ги објаснува тие работи и може да се доведеме да имаме конфликт на интереси во однос на централна власт и локална власт, затоа што согласно овој член секое министерство односно секој министер ќе  ги толкува односно ќе ги препишува објектите дали ќе бидат во прва или во трета категорија, затоа што и втората е во однос на Републиката. Тука мислам дека ќе беше многу добро да се усвоеше амандманот каде ќе се допрецизира дека и градбите од значење на Републиката, кои ги финансира Републиката, да бидат во прва и втора категорија. Вака може да се случи дозвола за градба од значење на Републиката и кои што ги финансира Републиката односно од државниот Буџет, да зависи дали ќе ја издаде градоначалникот, или не. Мислам дека нема логика тоа што се направи. Меѓутоа, ќе видиме, можеби во праксата ќе го измениме тоа со дополнување со измени на овој Предлог закон. Меѓитоа штом веќе имавме толку амандмани, мислам дека требаше да се изнајде начин и тоа да се додефинира затоа што сепак не може локалната самоуправа да издава одобрение за градба за некои објекти кои се од значење и кои ќе ги финансира ос средствата од Буџетот на Републиката, дури и градби во национални паркови од републичко значење, или градби кои се простираат на територија на две и повеќе општини. Меѓутоа, праксата ќе погаже дали требаше или ќе одиме со измени на овој член.

Исто така во членот 54 каде се прифати амандманот со кој се бараше за неприфаќање во однос на финансиската конструкција односно за прикажувањсе на средства во износ од 100% за градби од прва и втора категорија, па потоа 80%, дури 50% за градби од трета категорија. Тоа се направи, меѓутоа останува едно нејасно прашање што треба тука и претставниците од Министерството за транспорт и врски да го кажат, а тоа е дека  сите овие барања треба да се приложат за одобрение за градба, никаде не стои дека треба да има договор за платен надоместок за уредување на градежното земјиште, туку во член 4 тоа се објаснува, меѓутоа на некој неодреден начин. Значи треба да постои договор за платени комуналии и тој договор за платени комуналии требаше јасно да биде напишано, за да бидат еден од условите за одобрение за градба. Се интервенираше нешто, меѓутоа на многу нејасен начин.

Во член 57, исто така требаше попрецизно да се дефинира што може градителот да прави односно да изјави жалба против решението. Градителот може да изјави жалба против решението на органот, ако е негативно. Тој може да изјави жалба против одобрението за градење  затоа што градителот го бара одобрението за градење. Како сега, ако го добие одобрението за градење, градител може да изјави жалба против тоа градење. Мислам дека тука правно требаше да се интервенира, меѓутоа ќе видиме како и тоа ќе профункционира. Како член е непотребен.

Во член 64, навистина требаше, без разлика што некои работи се прифатија, меѓутоа требаше да имаме одобренија за градба за кои не се потребни,тоа е член 54, во зависност од големината во определената парцела. Мислам дека и на таков начин требаше да се оди. Мислам дека некои работи за кои не е потребно одобрение за градење, може да одат во некоја сосема друга насока.

Член 72, кога говориме за градилиште, требаше да се додефинира тоа затоа што изведувачот, се кажува дека е должен за привремено зафаќање на соседното односно полното земјиште. Меѓутоа не е точно прецизирано колку. Сега замислете тоа земјиште да не е изградено, едноставно со тек на време  може од привремено зафаќање да стане конечно зафаќање односно цело зафаќање па така после ќе имаме проблеми во однос на имотно-правните односи. Ќе речете тоа е случај за сосема друг орган односно Министерство, меѓутоа проблемот од градењето ќе биде пак тука односно проблемот со градежните објекти.

Исто така член 76, одобрението за употреба се издава по извршениот технички прием. Мислам деека тука требаше да има мала промена на членовите. Значи прво треба да се изврши технички прием, па потоа да се дава одобрение за употреба. Овде имаме обратно.

Кога веќе сум тука сакам да напоменам дека многу случаеви има во однос на целокупниот закон каде што одделните членови, поназад, значи по реден број пголемите членови требаше да дојдат сосема напред за да има еден редослед на законот. Вака тој што ќе го чита законот мора да ги следи членовите, да речам во членот 22 или во членот 8 или во член 9, се кажува, по тој и тој член, согласно членот 67, согласно членот 86 и сега не се знае каде се наоѓа и што треба да утврди. Ако се направеше еден подруг редослед на членовите, законот е во ред, меѓутоа редоследот на членовите ако беа направени како што треба, ќе беше поспроведлив, тој што ќе го чита , ќе биде појасен начинот на читање.

Во одобрението за употреба, ги кажавме сите тие работи, меѓутоа, исто така комисиите, во член 78

каде што Комисијата, се зборува за комисиите односно за техничкиот прием, требаше исто така да се наведат категориите на објекти односно Комисијата за сите категории на објекти. Меѓутоа ако е така предвидено, ќе треба така и да се почитува овој закон.

Сакам да го нагласам ставот и во однос на член 86 каде се работеше за промена. Тоа ќе придонесе во однос на сопствениците на станови, на сегашните, на идните, меѓутоа и на поранешните сопственици на станови, да имаат проблем во однос на пренамената на објектите. Мислам дека тука, навистина ќе се оди на некој начин, согласно овој закон да имаме сосема други начини на пренамена во однос на другиот закон односно на претходниот закон и ќе дојде до забуна на самите сопственици. Кажав и претходно дека исто така ќе имаме посебни цени на становите на прв спрат во однос на втор спрат, трети и четврти спрати од станбени згради. Многу нејасно е што ќе се случува со станбен и деловен простор во еден објект, каде што ќе има, меѓутоа тоа ќе го решаваат самите единици на Министерството за транспорт и врски односно сега веќе на локалната самоуправа, па тие ќе дефинираат што значи прв спрат, што значи втор спрат и од каде ќе почне броењето. На ваков начин мислам дека ќе има голем проблем и во тој правец.

Добро е што со Комората се дефинираат сите работи на Комората, без разлика што не се дефинира, мислам дека тоа е пропуст. Многу ќе беше подобро да се утврдеше и најниската цена што треба да на направи Комората и на некој начин да се заштита сите овластени инженери, сите овластени архитекти, меѓутоа и самата Комора, во однос на дефинирани цени и во однос на проектирањето, па би рекол и градбата на објектите во Република Македонија. Така ќе имаме, без разлика што ќе се дефинира ценовникот, меѓутоа ќе немаме најниска цена.

Сепак, ќе се појават проблеми и во однос на функционирањето на Комората, меѓутоа, да видиме како ќе функционира на ваков начин.

Членот за надзорот над законитоста на работите на општините исто така е многу важен во овој закон, меѓутоа, и тука имаме некои недефинирани работи. Кога зборувам за недефинирани работи, во членот 132 се кажува следното: "При вршење на надзор над законитоста на работата на органите на општините односно општините на Градот Скопје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот ги врши следните работи" кои тука се наброени. Сега секаде во тој надзор над законитоста првиот збор е или укажува, или "дава препораки", "следи", "дава мислење", "навремено ги известува". Значи немаме никаде прецизен и јасен збор односно дефиниција што ќе биде под надзор на министерството надлежно за начинот на уредување на просторот во однос на општините и Градот Скопје, без разлика што после се кажува ако не се извршат тие работи ќе има некои санкции. Меѓутоа, зошто тоа да не се направи уште веднаш на почетокот со членот 132, прецизно и јасно да се кажеше под кои услови ќе работи локалната самоуправа, општините и Градот Скопје и што ќе прави надзорот, односно што ќе прави органот, односно министерството надлежно за овој закон. Гледате и самите дека неколку пати го спомнав Министерството за транспорт и врски, а друг пат органот надлежен за работите од уредување на просторот и со овој закон, кој е во трета фаза. Уште при разгледувањето на Предлогот за донесување на закон, потоа и Нацртот на законот и сега со Предлогот на законот, и во однос на овој закон и во однос на Законот за просторно и урбанистичко планирање, зошто не се дефинираат ингеренциите во однос на Министерството за транспорт и врски, во однос на Министерството за животна средина и просторно планирање или во однос на некое друго министерство. Вака се остава можност секогаш овој закон за градба да може да се префрла од министерство во министерство, согласно Законот за органите на управа, каде што кажуваме дека Министерството за транспорт и врски сега ги води тие работи во однос на уредување на просторот, утре тоа може да му се одземе од надлежност, да се направи во однос на друго министерство, да се додаде тоа во Министерството за просторно планирање или пак во друго министерство. Ако веќе ја формиравме Комората со овој закон, ако веќе и дадовме големи ингеренции на Комората, требаше да се направи - еве како иницијатива давам и од овде - навистина едно министерство, дали тоа ќе биде и ново министерство за јавни работи или ново министерство за градежништво, каде што сите овие закони во однос на градбата, тргнувајќи од Законот за градежно земјиште, сега Законот за градење и Законот за просторно и урбанистичко планирање што ќе го донесеме, да бидат сконцентрирани во едно министерство. Вака се доведуваме до работи во однос на работата на Владата, дали едно министерство ќе ги извршува работите во однос на уредување на просторот или тоа ќе го препуштиме на друго министерство. Тука требаше Владата самата да обрне внимание, односно две министерства, Министерството за транспорт и врски и Министерството за просторно планирање, или сосема друго министерство, меѓутоа, да биде точно наведено кој ќе ги врши овие работи, односно кое министерство, затоа што сепак таму работат професионалци, стручни лица кои се занимаваат само со таа област. Не ќе може ако ги префрлиме работите на друго министерство, тоа министерство таму да ги врши овие работи.

Доаѓаме до членот 148, потоа и во однос на сите работи кои треба минситерот односно министерството да ги пропише, меѓутоа, во членот 148 се наведува дека поблиските прописи ќе се донесат во рок од две години од денот на влегување во сила на овој закон, освен поблиски прописи кои ќе се донесат во рок од 6 месеци. Прашањето е зошто се да не се донесе во рок од 6 месеци. Знам дека е многу краток овој период, меѓутоа, со ангажираност на двете министерства, Министерството за транспорт и Министерството за просторно планирање во делот на овие закони, сепак мислам дека така ќе профункционира

законот. Инаку, ако се носат сите подзаконски акти во рок од две години, бидете сигурни дека целокупната постапка што сакавме да ја донесеме со овој закон, без разлика што го донесуваме, а од друга страна се прифати и амандманот за рокот на издавање на одобрение за градба кој ќе биде 7 дена, тој амандман го прифативме ние како Парламент, како сега ќе се усогласиме со донесувањето на овој закон, а ги нема подзаконските акти што треба да се донесат во рок од две години. Тоа е многу и би апелирал до Министерството за транспорт и врски, без разлика што овде пишува во рок од две години, меѓутоа ако може да го направат тоа во однос на сите подзаконски акти, тие да бидат направени во рок од 6 месеци, затоа што само на таков начин ќе почне да функционира овој закон. Инаку, сите овие работи што ги наброив, каде што пишува "и друго", сето тоа може да се одолговлечува две години, а мислам дека тоа никој не го сака, кога веќе го донесовме овој закон во интерес на државата.

Сега овде имаме тези на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за градење и тие навистина се околу 24. Дел од овие тези, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето, може да се случи ако тоа не е договорено во Владата некои тези да кажува еден министер, некои тези да кажува друг минситер, а има еден Закон за градење, меѓутоа, ќе видиме како тоа ќе профункционира понатаму. Сите овие тези можеше, бидејќи Законот се разгледуваше во три фази, да се стават во Законот за градба и имаме сосема мали подзаконски акти. Зошто на пример се направи вака, затоа што ако се донесуваше во една фаза сите ќе брзавме, ќе оставевме можност потоа Министерството да ги донесе подзаконските акти. Меѓутоа, бидејќи се работи за конкретна работа, се работи за градба, за градење, се работи за градежен објект, објекти кои можат во текот на изградбата да донесат навистина развој во Републиката, а тоа го сакаме сите ние без разлика на која политичка партија припаѓаме, меѓутоа, се остава начин сето тоа да помине ненако незабележливо, а особено што во членот 148 се утврдува рок до две години, тоа навистина ќе доведе до некој застој во функционирањето на овој закон. Кога веќе зборуваме за поефикасно функционирање, мислам дека тоа ќе го зборуваме и во дискусијата по Законот за просторно и урбанистичко планирање, меѓутоа, навистина требаше решението за локациски услови да нема таква форма, односно секој сака да може да извади од Урбанистичкиот план, а потоа со доказ за сопственост и доказ за заедничка градба. Тука предвидовме да се даде и доказ за заедничка градба, па можевме на некој начин да го прескокнеме тоа што се донесе со Законот за експропријација, каде кажавме на кој начин ќе дојде до застој и со тој закон во однос на градењето, меѓутоа, тоа не се усвои и останвуа решението за локациски услови, останува Законот за експропријација, односно измените на Законот што ги донесовме и тука како држава навистина ќе имаме големи проблеми. Меѓутоа, да видиме што ќе се случи како ќе работат сите стручни служби во однос на спроведувањето на овој закон.

Кога сум тука, се поставува и прашањето дали Министерството за транспорт и врски ќе имаше доволно усогласеност со сите органи, организации и институции, затоа што навистина ова е трета фаза на донесувањето на законот, а има 102 амандмани и во овој толку краток период, без разлика што некои од амандманите се прифатија, некои не, меѓутоа, ако течеше на потранспарентен начин целата работа, како што беше работата на Комисијата, а морам да го пофалам претседателот на самата Комисија, навистина уште некои работи кои останаа недефинирани ќе се дефинираа со овој закон. Затоа, мислам дека требаше да се оди со помали подзаконски акти во број, освен овие 24, можеби малку време да се дадеше тие ќе се вметнеа, односно ако имаше некоја корелација и координација со сите други институции, и тие да се вметнеа во овој закон, ќе беше јасно под кои услови може да се гради. Вака останува да ги чекаме подзаконските акти, па потоа да го согледуваме целиот закон како Закон за градење, со сите подзаконски акти кои, уште еднаш кажувам, треба да се донесат во што пократок временски период, а не во рок од две години од донесувањето на овој закон, затоа што после две години можеме да очекуваме овој закон да претрпи измени во насока на подобро функционирање, затоа што од 1 јули ќе видиме како ќе профункционира овој закон во однос на издавањето на одобренијата за градба во локалната самоуправа, потоа треба да чекаме во која категорија ќе бидат некои објекти, а сигурно ќе има и некои несогласувања меѓу централната и локалната власт во однос на одобренијата за градба и во однос на категоризацијата на објектите. Мислам дека би требало, ако тоа не се реши со подзаконските акти, да се оди со некоја измена или дополнување на овој закон.

Во секој случај, овој закон како пратеничка група ВМРО-Народна партија ќе го поддржиме, се надеваме дека долгоочекуваната комора на овластени архитетки и овластени инженери ќе се развие навистина во една комора која ќе може само да придонесе за развојот на градежништвото и проектирањето во Република Македонија. Тука ќе треба да се внимава и на Иницијативниот одбор, кој го назначува министерот. Немаше таков амандман, меѓутоа, можеби треба во договор со овластените сегашни архитекти и инженери, едноставно како министерство, да се договорите и тие да го донесат тој иницијативен одбор, затоа што можете веднаш да наидете на пречка во однос на иницијативниот одбор на членовите што ќе ја формираат комората, односно управниот одбор и сите други органи на самата комора. Тука треба да водите многу сметка, затоа што од една насока што од самиот почеток треба да ја почне комората, да не се придонесе за работи кои не ги сакаме сите, а најмалку архитетките и инженерите затоа што долги години ја чекаа оваа комора. Ова е токму струкова комора и се надевам таа ќе придонесе само за подобрување на функционирањето и за сите услови

во градењето на објектите во Република Македонија.

Значи како закон ќе го поддржиме, останува само да видиме како тоа ќе профункционира. Двете тези што ги задржавме, односно најголеми работи со овој закон се донесоа, а тоа е во однос на лиценците и овлстувањата што ги дава комората, потоа, имавме големи забелешки, меѓутоа, се прифатија и Парламентот ги изгласа, во однос на дефинирање на семејната куќа, затоа што тоа е еден многу значаен градежен објект во Република Македонија, затоа што поголем број од градбите и еден највисок процент се семејните куќи. Тие работи се внесени во законот и останува да се види на каков начин ќе профункционира овој закон. Без разлика што знаеме дека пред неколку дена веќе имавте некои разговори околу ингеренциите што се префрлуваат на локално ниво, односно од централна на локална власт. Уште еднаш сугерирам сите овие подзаконски акти да ги донесете што побрзо, за да не се случи веднаш на почетокот да имаме конфликт на интереси во однос на централната и локалната власт, особено во урбанизмот и градежништвото. На други места мислам дека нема да се појави тој конфликт, меѓутоа, овде бидејќи има многу заинтересирани страни и се работи за исполнување на желбите кои во даден момент ќе можете да ги остварите во однос на граѓаните во самата општина. Се работи за уредување на просторот каде што веднаш тоа ќе се види, веднаш ќе се забележи. Да ги решите тие работи уште пред да профункционира овој закон, без разлика што тоа ќе биде од 1 јули, затоа што граѓаните на некој начин се во исчекување како ќе биде од 1 јули и како е сега. До 1 јули остануваат уште неколку дена, меѓутоа општините, не вие како министерство и централна власт, туку општините ќе имаат најголеми проблеми во почетокот од функционирањето на целата работа.

Сепак, одиме со надеж на подобро функционирање на сите услови во однос на градењето, меѓутоа, ги очекувам и треба да ги очекуваме проблемите и во однос на одобренијата за градба, затоа што со овој закон малку се комплицираат сите тие работи, и во однос на ингеренциите, без разлика што навистина сум задоволен од работата на Комисијата за транспорт, врски и екологија, затоа што покажа дека ако се работи на еден професионален начин и начин кој ги опфаќа сите заинтересирани страни во целокупната работа при донесување на законот, може да придонесе да се дојде до еден добар закон. Сега останува на министерството како тоа ќе го направи со подзаконски акти. Имаше време, бидејќи ова е трета фаза, можеше да се донесат тие работи и навистина да имаме еден добар закон. Вака останува да очекуваме какви ќе бидат тие подзаконски акти и како ќе се спроведе овој закон во стварноста, а се во интерес на граѓаните и во интерес на развојот на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Балковски.

Повелете господине Ѓорчев, имате збор.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Во мојата дискусија во врска со овој Предлог на закон за градење ќе го продискутирам тоа што го говорев во претходните фази, што во најголем дел претставува би рекол потребно практично гледање на граѓаните во врска со тоа дали овој закон ќе ги разреши проблемите со кои тие се соочуваат, а кои јас ги отворам како градоначалник на една скопска општина во еден период на време, а кои проблеми не ги разреши ни Законот за сопственост и Законот за градежно земјиште, а мислам дека ни овој закон не ќе може да им овозможи на граѓаните точно разбирање и терминолошки, а и целата постапка на процесот на градење, изградба, што е тоа градба, што е изградба, што е објект, карактерот на објектот, соработката меѓу локалната самоуправа и централните државни органи односно министерства.

Во таа насока би почнал со основната моја забелешка на овој закон дека повторно како и во другите области ние ги хармонизираме законите во Република Македонија, меѓутоа, ги хармонизираме, би рекол на парче. Чепкаме во оваа област, чепкаме во другата област, во земјоделството на пример носиме закони за семиња, за разни други области, а основниот закон, носечкиот фундаменталниот закон за земјоделско земјиште не го донесуваме.

Овде исто така носиме закон за градење, а имаме огромни спротивставености во Законот за соспственост и Законот за градежно земјиште кои се донесени во 2001 година и тоа прво се донесе Законот за сопственост, потоа се донесе Законот за градежно земјиште. Уште тогаш имаше терминолошка неусогласеност која не помогна граѓаните во општините и во државата Република Македонија да си ги разрешуваат своите проблеми на начин кој ќе значи брза, ефикасна постапка, елиминирање на проблемите при урбанизацијата на просторот и целокупниот процес на градење на семејни станбени објекти од државен интерес и слично.

Најпрвин ќе кажам дека овој закон е повторно висечки закон, има многу недоследности и терминолошки неусогласености со Законот за градежно земјиште, кој треба да биде хоризонтален, носечки закон и во корелација со другите хоризонталнни закони, пред се Законот за сопственост кој ги третира сите сопствености во Република Македонија, па и сопственоста врз градежното земјиште дали е тоа изградено или не е, не е битно, меѓутоа, битно е дека тој е исто така носечки закон и сега повторно одиме, пак ќе кажам, во таа вертикална разработка на закони без да имаме терминолошко усогласување со основниот закон за градежно земјиште.

Веднаш ќе кажам дека во членот 2 од Законот самиот крајно недефиниран термин градба, значи градба е се што настанало со изградба, така е почетната реченица во членот 2, иако и во Законот за сопственост и во Законот за градежно земјиште

се елаборира со термин објект. Значи, во Законот за градење мора барем терминолошки да биде усогласен со Законот за градежно земјиште, Законот за сопственост. Ако нема одредба што е тоа објект од траен карактер, а што е тоа објект од времен карактер што претставува најголем проблем особено за урбанизацијата на просторот во Скопје и општините во Скопје, пазариштата во Скопје, бевме сведоци дури и на една уставна постапка што се водеше тука, тогаш ние не ги решаваме проблемите на граѓаните во делот на градењето соодветно на она што претставува нивен реален проблем. Ние не дефинираме и во овој закон, како што во Законот за сопственост кажавме што е објект, што е објект од траен карактер, значи, тој е објект кој има одобрение од траен карактер и тој објект се гради на изградено градежно земјиште што е опфатено со Просторниот план, со Генералниот урбанистички план, со Деталниот урбанистички план и на крајот со актите т.е. одлуките на општината која сега има поголеми ингеренции. Во тој дел нашиот проблем, посебно во Скопје како главен град на Република Македонија, а и другите поголеми урбани центри во Македонија почива на стартот во членот 2 на неусогласена терминологија и со Законот за сопственост и со Законот за градежно земјиште кој е носечки закон. Објект од траен карактер мора да суштествува во овој закон што е тоа дека тој добива одобрение од траен карактер и дека почива на изградено градежно земјиште кое и подзаконските акти кои ја уредуваат цената по метар квадратен и со одредени уредби кои треба да стојат кои се тие уредби, кое министртсво ги издава, на каков начин дали тендерска или непосредна спогодба, веднаш потоа втората точка е објект од времен карактер, дека тоа е објект што има само времена дозвола и објект кој се дава, независно дали е монтажен или од цврста градба, на неизградено градежно земјиште или тн., зелен појас.

Ние имавме една многу непријатна ситуација во Република Македонија со пазариштата во Скопје кое е неизградено градежно земјиште и се доделија по една уредба на претпријатието Скопски Пазар, каде апсолутно се кршат сите уставни начела во делот на она што значи терминологија и по Законот за градежно земјиште и по Законот за сопственост на времени објекти се дава карактер на објекти од траен вид, од траен карактер и покрај тоа што тие немаат одобрение за траен карактер и потоа земјиштето сосема погрешно следи логиката односно судбината на објектот наместо да биде обратно земјиштето да определи Министерството за транспорт и врски на кој начин ќе се урбанизира, со кој детален урбанистички план, по која цена и на тендерска документација по уредба ќе биде дадено на оние што ќе понудат највисока цена на тој неизграден градежен простор, како што беше случајот со објектите "Мекдоналдс" во Аеродром или објектите "Бисер" во трговскиот центар, едноставно си ги добија тие претпријатија што лицитираа на тендер по уредба на Министерството за транспорт и врски и си изградија објекти кои и ден денес служат како сервис на граѓаните на општинаа Аеродром односно на граѓаните на Град Скопје.

На старт имаме тотална забуна во врска со терминологијата и конечно доаѓаме до клучната работа во Република Македонија не се кажува што е тоа див објект. Значи, најголемиот проблем во Република Македонија е дивата градба која не се опфаќа со овој закон, тоа е објект кој е граден без одобрение и од тука произлегуваат недоследностите кои, според мене, ќе произлезат при примената на овој закон особено при разграничувањето на неговите ингеренции меѓу централната власт, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии дали се работи за неизградено градежно земјиште или изградено градежно земјиште опфатено со ДУП и ГУП и во оние објекти кои се изградени, за кои во Законот за просторно и урбанистичко планирање, за кој исто така имам намера да говорам кои сега ќе се обидеме да ги реализираме или да не ги реализираме, меѓутоа, дефакто не дозволуваме на соодветен начин праведно, системски и целисходно да ги штитиме интересите на граѓаните на Република Македонија во оваа сфера на просторното и урбанистичко планирање, градење и изградба.

Во членот 8 добро е што се спомнува заштита од бучава, од штетни емисии кои секаде во Европа патуваме и гледаме има заштита од бучава, тука законот е модерен во тој дел, се обидува тука и таму да внесе нови елементи, нови моменти, но пак ќе кажам на старт терминолошки е неусогласен.

Во членот 12 учесниците во изградбата веќе се дефинираат сосема спротивно од она што е дефинирање во Законот за градежно земјиште и Законот за сопственост. Тука наеднаш имаме градител, имаме проектант, имаме изведувач, имаме надзор, додека во Законот за сопственост и Законот за градежно земјиште имаме инвеститор, имаме носител на дозвола односно одобрение за градба, а имаме повторно терминолошка забуна со носечкиот закон, сега инвеститорот веќе не постои, меѓутоа, има изведувач.

Во членот 13 каде се толкуваат правата на градителот, веднаш се судираме со судската пракса во Република Македонија каде имаме толкување на Врховниот суд на Република Македонија, каде што одобрението за градба, покрај на градителот, сега се дава и на инветситорот т.е. изведувачот и се применува преку подрачните единици за транспорт и врски, а што е во спротивност со Законот за градежно земјиште и Законот за сопственост, затоа што изворен носител на одобрението, сега во новиот закон го нарекуваме решение за локациски услови, може да биде само сопственикот на земјиштето, концесионерот на земјиштето или може да биде носителот на долгорочниот закуп.

Решението за локациските услови што е индивидуален акт, а порано беше одобрението за градба што беше општ акт, мора да гласи на нивно име, не може да биде на инвеститорот т.е. на изведувачот.

Повторно ќе кажам, еве во членот 12 и во членот 13 и во членот 2 во одредени ставови има терминолошки неусогласености кои нема да можат, почитувани пратеници, да придонесат овој закон во пракса квалитетно во интерес на граѓаните на Република Македонија, да ги разрешува проблемите од областа на градбата.

Во членот 34 се кажува во постапката за издавање одобрение за градење дека постапката се води според Законот за општа управна постапка, а тој Закон сме имале прилика во таа пониска сфера во локалната власт е толку бавен, толку анемичен, толку спор што ако решението го даваме во период од 5 до 30 дена, автоматски треба и постапката за издавање одобрение за градење кој е логичен редоследен исход со Решението за локациски услови и тоа треба да биде од 5 до 30 дена. Вака, по Законот за општа управна постапка ќе имаме таква бавна процедура што луѓето ќе ги донесеме до очај и повторно можат да се враќаат со месеци, а особено во тие неусогласености помеѓу локалната самоуправа, општините, градоначалникот, Советот и подрачните единици на министерствата едното за просторно планирање и едното за транспорт и врски.

Во членот 61 се предвидува промена на градителот и тука не се предвидува дека промена на градителот може да биде само во услови ако има промена и на решението за условите на локацијата. Значи, има некоја нелогичност која не можам да ја разберам како може да се промени градителот, а носителот на решението за услови на локација да не бидат променети. Тука ќе се случи некој правен нелегален промет. Решението за локациски услови е подигнато на ниво на индивидуален акт, не е веќе општ акт, да беше одобрение за градба, во ред, тогаш тој е општ акт и не мора да биде, ако веќе решението за локациски услови гласи на одредена фирма или на одредено физичко лице, тогаш кога ќе се промени градителот мора да биде извршена промена и на решението за локациски услови. Тоа е многу важна работа за она што претставува доследна примена на одредбите на овој закон.

Во членот 61 исто така околу промената на градителот ставот 1 треба да се прецизира и да се усогласи со членот 13 од овој закон став 1, и членот 52 од Законот кој потоа ќе го гледаме, ставот 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, после овој закон. Значи, градител може да биде само сопственик, барем според мое разбирање на нештата, концесионер и носителот на долгорочен закуп. Тој може да биде градител и тој ги исполнува условите да добие одобрение за градба односно решение за услови за градба. Затоа реков кога ќе дојде до промена на градителот треба да дојде и до промена на решението за локациските услови, а тие се содржат во овие два елементи сопственик, концесионер и носител на долгорочен закуп, можат да бидат градители.

Во членот 63 ставот 3 точно е дека наведени се дел односно таксативно се наброени кои се времени градби, меѓутоа, поважно од тоа е дека не е битен карактерот на времената градба дали е цврст, монтажен, незнам од кои елементи составена времена градба, битно е дека таа нема одобрение за траен карактер, дека е таа во таканаречен зелен појас во неизградено градежно земјиште и тоа е поважна класификација која треба да ни овозможи точно лоцирање односно дистинкција помеѓу објектите од траен каратер и објектите од времен карактер, за што кажувам дека во Република Македонија тоа е најголем проблем. Ќе претставува проблем и во иднина.

Во членот 68 кој се обидува да даде одредени појаснувања за типовите на градбата нема одредби за доградба и надградба. Исто така многу битни елементи во градењето особено во Скопје каде се донесени многу детални урбанистички планови кои дозволуваат на старите згради да има доградба и надградба и тука сме во колизија со Законот за сопственост кој порано тврдеше дека земјиштето ја следи судбината на објектот односно сега е обратно, сега објектот треба да ја следи судбината на земјиштето, согласно Законот за градежно земјиште. Тука повторно ќе дојдеме во многу тешка ситуација, затоа што едно е кога вие имате надградба, кога го извишувате просторот друго е кога имате доградба и зафаќате дел од земјиште на кое не сте сопственик или концесионер или носител на долгорочен закуп, а доградувате. Такви случаеви има. Јас говорам дека ќе биде доста деликатно, но тоа треба во старт да се појасни ако сакаме, еве на пример сум имал проблеми со изградено градежното, јас како градоначалник на зградата НЕОКОМ, компјутерскиот центар каде се јавувале вакви проблеми за начин да се најде доградба на тој голем објект до железничката станица во Скопје.

Членот 78 за технички прием исто така нема рок за одговор од поднесувањето на барањето на поднесувачот на барањето. Мора да има рок. Некој може така волунтаристички или од други причини кои имаат и материјални компоненти да го одложува безконечно техничкиот прием. Тука не се предвидува рок, тоа може да биде три месеци, шест месеци, 9 месеци, 12 месеци и никој не може да одговара ако во Законот не е ставен рок и тука повторно ќе се случат недоследности во поглед на човековите права и слободи на граѓаните на Република Македонија кои можат да имаат карактер на оние ситни административни работници во државната управа да го бават овој процес. Мора да има рок, невозможно е да биде без рок.

Во членот 85 исто така има една нелогичност дека надлежнит орган ќе бара запишување на градбата, т.е. објектот. Нема надлежен орган кој ќе бара запишување, тој што го гради објектот, сопственикот, концесионерот, носителот на долгорочен закуп, тој ќе бара запишување на објектот и нема никакви јавни книги, туку има само усогласеност со Законот за премер, катастар и запишување на правото на недвижности во кој ќе биде запишан тој објект.

Исто така се согласувам со дискусијата на пратеникот Балковски, во членовите кои го опфаќаат надзорот на законитоста на работењето

дека разграничувањето помеѓу општинската власт и она што претставува централна власт ќе биде доста деликатно особено во делот на она што Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски ги имаат како ингеренции и тука ќе треба нешто битно да се направи во подзаконските акти иако веќе реков дека има голема какофонија заради терминолошката разлика помеѓу Законот за сопственост, Законот за градежно земјиште и овој закон и Законот за просторно и урбанистичко планирање. Затоа сметам дека, по мене, овој закон треба да почека, треба да го повлечат подносителите на Законот прво да го доработат законот за градежно земјиште, да го усогласат со Законот за сопственост и како носечки закон хоризонтален од тука вертикално да тргнат, да ги изградат сите други закони. И овој закон и Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Од тие причини јас ќе се произнесам против овој закон затоа што сметамдека е висечки и дека во старт е неусогласен со основниот хоризонтален закон - Законот за градежно земјиште.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Повелете господине Тромбев, имате збор.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници.

Дозволете ми само накратко да се осврнам по Законот за градење, кој цел ден го разгледуваме со навистина голем број амандмани кои амандмани покажуваат колкав интерес предизвика овој закон и неговото значење во севкупниот живот на граѓаните на Република Македонија.

Се разбира за овој закон може многу да се зборува, меѓутоа, за жал, велам за жал, малку во цајтнот го добивме овој закон. Фактички при крајот на периодот кога треба да преминеме во процесот на децентрализацијата така што во наредниот период ќе мора да се случуваат во брза постапка сите оние постапки кои ќе значат децентрализација, се разбира подрачните единици и се она што треба да подпадне под локалната самоуправа.

По конкретната верзија на овој закон би сакал да кажам дека е доста изменета од претходната верзија која ја гледавме минатата година, има одредени новини, меѓутоа, морам да кажам дека е многу подобра верзија од верзијата од минатата година. Се разбира ние денеска интервениравме во одредени прашања кои се појавија во самиот закон и кои се појавија при работењето на Комисијата за транспорт,врски и екологија минатата недела при што стручната јавност и експертите кажаа два битни става по овој закон, а тоа беше лиценците и овластувањата да преминат во едно тело кое се оформува за прв пат во овој закон, тоа е комората на овластени архитекти и овластени инженери.

Втората работа беше станбената куќа да не претставува исклучок во однос на целокупниот процес на градење како што беше предвидено во првобитната верзија на Законот.

Кажав и пред малку дека ова е многу битен закон и можам слободно да кажам дека инвестициите во Република Македонија влегуваат и преку овој закон. Затоа е многу битен,

Би сакал малку да кажам нешто околу основните барања кои за прв пат се имплементираат во овој закон, тоа се основните барања од Директивата на Европската Унија 89 106 или попозната како Директива на градежни производи која има шест основни барања кои се имплем ентирани во овој закон.

Меѓутоа, би сакал да кажам дека за жал, велам за жал, во самиот закон нема начин на обезбедување на основните барања. Верувам дека тие треба да бидат обезбедени со правилници. Меѓутоа, од друга страна можам да кажам и една друга инфорамција, дека Институтот за стандардизација на Република Македонија од ноември оваа година ќе отпочне со процесот на усогласување на нашите стандарди со стандардите на Европската унија кои што ги покрива оваа директива, директивата 89106. Како пример би сакал да го кажам само првото од основните барања, а тоа е механичката отпорност, стабилноста и сеизмичката заштита дека е покриена со серија на документи кои што се нарекуваат: евро кодови. Само да ви кажам дека тоа се 54 обемни книги кои што ги пропишуваат процедурите за пресметка на конструкциите. Тие не се во овој момент во употреба во Република Македонија. И сега замислете, овој закон со основните барања влегува во сила од 1 јули оваа година. А само синхронизацијата на овие стандарди е три години. Искуствата на сите држави кои што влегоа во рамки на Европската унија, синхронизацијата само на овие документи е во наредните три години, значи, тие не само што треба да влезат во пракса, туку треба да влезат и во оние институции кои што ги обучуваат идните инжењери да ги употребуваат таквите стандарди за пресметки на конструкциите. Значи, сакам да кажам дека овој процес на усогласување на нашите стандарди согласно директивата за градежните производи ќе биде долгорочен, најмалку во наредните три години и тоа, ако почнеме од денес, а кажувам дека Институтот за стандардизација ќе го отпочне процесот при крајот на оваа година, значи наредните три години.

Ценам дека тешко ќе може овој закон да функционира, бидејќи исто така го нема законот за квалитет на градежните производи. И таму е потенцирано дека ќе биде само закон за квалитет на градежните производи. Сеуште не се донесени правилниците и подзаконските акти кои се 24 на број кои што произлегуваат од овој закон. Затоа многу е битно Министерството во наредниот период да се мобилизира, да се мобилизира да ги подготви сите овие акти, да влезе во процес на синхронизација со останатите институции надлежни во овој домен за усогласување на македонското законодавство и стандарди со стандардите од директивата за градежни производи 89106. И една аномалија која што по мое лично мислење, јас зборував и во претходната верзија на законот, ја

нема тука, а тоа е, недостасува учеството на јавноста пред издавање на одобрение на градбата кое што ценам дека треба да биде, бидејки се разбира како граѓанско општество многу се битни да им ги дадеме информациите на граѓаните, а од друга страна и системот на градежното земјиште, системот на земјишните книги кај нас сеуште е недооформен. И тоа беше еден од начините како да ги информираме граѓаните што во наредниот период ќе се гради во некоја соседна парцела каде што тој живее.

На крај би сакал да им се заблагодарам и на пратениците за подршка на амандманите на Комисијата за транспорт, врски и екологија и би сакал да кажам дека пратеничката група на СДСМ ќе го подржи овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници, нема да зборувам долго. На оваа долга целодневна расправа околу законот за изградба сакам да кажам неколку работи.

Исто така, сакам да се заблагодарам на Министерството за транспорт и врски што беше кооперативно со пратениците, со Собранието на Република Македонија околу донесувањето на суштинските работи во овој закон, а тоа беше решавањето на Комората и склучувањето на семејната куќа од решенијата што беа во Предлог-законот. Навистина во овој процес на носење на законот Министерството за транспорт и врски навистина изработи една многу важна работа во соработка со Собранието на Република Македонија. Овој закон претставува со Законот за просторно и урбанистичко планирање еден од важните закони во процесот на децентрализација. И ние како Собрание иако бевме ставени во цајт нот, сепак докажавме дека во еден краток период можеме да донесеме еден добар закон кој што ќе биде во функција на децентрализацијата, секако рокот од 1 јули за примена на законот.

Во делот на решавањето на комората членовите од законот кои што ја регулираат комората, секако претставува една политика на Владата каде што е деакумулацијата на надлежностите. Иако во првиот текст на законот кој што го добивме надлежностите околу лиценците и издавањето на лиценците беа во Министерството, меѓутоа со амандманската расправа, со работата во Комисијата за транспорт и врски надлежностите околу издавањето на комората преминаа сепак во надлежност на комората како што и треба да се даде една суштинска функција на комората на овластени архитекти и инжењери.

Во амандманската расправа секако на долго дискутиравме околу секое поединечно решение. Јас сакам само да се осврнам околу член 54, постапката за издавање, за градење. Овде сакам да искажам жалење со прифаќањето на амандманот на господинот Балковски од страна на Владата каде што се избриша од ставот 3 се избриша точка 4 и точка 6. Точката 4 може би процентот за обезбедување на финансиски средства беше превисок, меѓутоа сепак 80% исто така лично сметам дека е превисок и нема да обезбеди градење. Меѓутоа тоа амандмански можеше да се интервенира и од страна на Владата. Така што доказот за обезбедување на финансиска конструкција за било која категорија е многу важен инструмент во делот на сигурноста и на инвеститорите и на изведувачите обострано, иако претставува конфликт на интереси на двете страни. И со прифаќањето на овој амандман, за мене многу важно, се избриша точка 6, што значи доказ за регулиран надоместок за изработка на основниот проект. Бришењето на оваа точка 6 мислам беше непотребно, меѓутоа, сепак правото за прифаќање и на неприфаќање на амандманите е на Владата.

Во делот на подзаконските акти, се согласувам со господинот Балковски дека рокот на донесување е многу долг, две години. Меѓутоа, се надевам дека Министерството за транспорт и врски ќе најде капацитет внатре во Министерството да ги донесе во пократок рок овие подзаконски акти кои се потребни за функционирање на законот, иако има исклучоци на роковите за подзаконските акти поврзани со одобрението и употребата на објектите. Сметам дека во овој контекст треба да спомнам во делот на член 9 каде што е главата за ефикасно користење на енергија и топлинска заштита. Овој подзаконски акт за правилникот за топлинска заштиа на објекти, сметам дека треба да биде еден од подзаконските акти. Во 2002 година со помош на ГТЗ беше изработен еден правилник за топлинска заштита. Сметам дека овој правилник треба да влезе во тезите на подзаконски акти кои произлегуваат од законот за градење, бидејќи топлинската заштита е спомната во член 9 за ефикасно користење на енергија и топлинска заштита. Мислам дека во овој контекст не е потребно да потенцирам колку многу е важна топлинската заштита и од аспект на јавниот интерес на државата, со оглед на ограниченоста на енергетските ресурси во Република Македонија и секако во делот на заштита на средствата на граѓаните за овој подзаконски акт.

И на крај ќе го изразам задоволството на конечното носење на овој закон за изградба на објекти, затоа што претставува еден од промената на системот во Република Македонија, еден од важните закони после Просторниот план на Република Македонија кој што претставува Устав во градењето и користењето на просторот, овој закон претставува еден од системските закони во градењето.

И на крај ќе го кажам ставот на пратеничката група на Либерално-демократската партија дека со задоволство ќе го поддржи законот за градење.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот .

Ги повикувам пратениците да влезат во салата. Треба да пристапиме кон гласање на законот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 57 за, 1 воздржан, 1 против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата во моментот на гласањето беа присутни 61 пратеник.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за градење.

**Минуваме на точката 15 - Предлог на закон за просторно и урбанистичко планирање.**

Предлагач Владата на Република Македонија, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева поднесоа амандмани на член 52 за бришење на став 7 и на член 54 за менување на став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Љупчо Балковски поднесе амандмани на член 5 за менување на алинеја 18, член 13 став 1, член 14 за бришење на став 2, член 16 за бришење на став 3, член 18 и на став 1, член 18 став 4, член 18 став 5 за менување на член 20, член 21 за менување на ставовите 2 и 3, член 25 став 2, член 51 став 4, член 52 за менување на насловот на членот на ставовите 1,2,5 и 6 и за бришење на ставовите 3,4 и 7, член 52 став 3 алинеја 1, член 53 за бришење на став 1, член 54 ставови 1 и 2 и за бришење на ставовите 3,4 и 5, член 55 за бришење на став 1 и за менување на став 2, за бришење на член 56, член 58 за бришење на член 59, член 60 за бришење на став 2, член 61 став 3, член 62 за бришење на член 63, за бришење на член 65, член 70 став 3 и за додавање нов член 77-а по член 77, по кои Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 ставови 2 и 3 и на член 3, член 5 алинеја 4, член 11 став 8, член 12 став 7, член 13 став 7, член 21 став 2, член 26 за менување на став 2 и на став 8, член 35 алинеите 7 и 8, член 41 ставови 1 и 2, член 46, член 49 став 1, член 54 став 2 во првата реченица и на ставовите 3 и 4, член 55 став 2, член 61 став 1, член 75, член 76, член 78 ставови 1,2 и 4, член 80 и на член 85.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандмани за менување на член 18, член 21 ставови 3 и 4, член 25 став 1 и за бришење на став 2, член 26 став 7, член 28 став 4, член 31 став 2, член 50 ставови 2,3 и 8 и за бришење на ставот 7, член 52 став 3 алинеја 1, член 64 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 65 став 2 за бришење на член 69, член 71 став 1 и на член 79 став 2.

Пратениците Лилајан Ивановска, Соња Лепиткова и Благој Голомеов поднесоа амандмани на член 5 за менување на алинеја 11, член 17 за додавање нова став 6 по ставот 5, член 21 за менување на став 4 и на член 50 за додавање нов став 9 по ставот 8, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Цветле Јанеска, Драган Ѓорѓиев и Соња Лептикова поднесоа амандмани на член 25 став 2 и на член 55 за менување на став 2 по кои Владата не се произнела.

Во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 5 алинеја 4, член 50, став 3 и на член 78 за додавање нов став 2 и нов став 3 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 ставови 2 и 3 и на член 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 алинеја 4 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за менување на алинеја 11 поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за менување на алинеја 18, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор Љупчо Балковски.

**Љупчо Балковски:** Со овој амандман се предлага во член 5 став 1 алинеја 18 наместо "решение за локациски услови" кој што е управен акт со кој се уредуваат условите под кои може да се гради

градба на една градежна парцела, да се смени и да гласи "услови за градба со извод од планот за објектот што ќе се гради, земјиштето за неговата употреба со општи и урбанистичко архитектонски услови". Условите за градба претставуваат основа за изработка на проектната документација за градба на објектот, или пак за изработка на урбанистичкиот проект. Условите за градба се всушност истата онаа состојба која е во планот, практично копирани и дадени на барателот и апсолутно нема простор за нивна управна постапка. Тие претставуваат само информација за инвеститорот што и под кои услови може да се гради на одредено место онака како што предвидува планот. Ако веќе сакаме инвеститорите веднаш да добијат информација за тоа каде и што можат да градат и тоа во најкус определен рок.

Мислам дека со решението за локациски услови всушност, се покомплицира постапката за одобрението за градба. Автоматски зборував за тоа и во Законот за градење. Мислам дека треба да се избришат како постапка, односно како управен акт, во насока на поедноставување на одобрението за градба.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Балковски.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, за да преминеме на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 55 пратеници, 7 за, еден воздржан, 47 против.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

(соужбите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници).

Во моментот на гласање во салата беа присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5, за менување на алинеја 18, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 8, поднесен од ЗПК.

Со овој амандманс се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, господинот Мехази.

Повелете господине Махазу.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станнува составен дел на Предлог на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 7 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски господин Мехази.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1 поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази.

**Џемали Мехази:** Не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Балковски Љупчо.

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Благодарам потрпретседателе,

Значи во овој член 13 став 1, се предлага, односно се дообјаснува дека по зборот "подрачја", значи за подрачја од рурален карактер образложението е да се додадат зборовите:"вон населените места" зборовите од руталарен карактер да се избришат. Образложението е дека сите подрачја надвор од населените места не се од рурален карактер. Само дообјаснување на членот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Балковски.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 11 за, нема воздржани, 45 против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13 став 1, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 7 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт господинот Мехази.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехзи:** Се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14, за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт господинот Мехази.

Повелете господине Мехази

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Аманддманот не е прифатен.

Констатирам дека нема други пријавени за збор.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници, гласале 55, девет за, нема воздржани, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14, за бришење на ставот 2, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за бришење на став 3 поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот за транспорт господинот Мехази.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Балковски Љупчо.

Повелете господине Балковски:

**Љупчо Балковски:** Само да објаснам што значи овој амандман.

Всушност, на ваков начин како што е членот 16, став 3, ако остане вака, навистина ќе има проблеми помеѓу ингеренциите на локалната самоуправа и централната власт.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Балковски.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници, 55 гласале, од тоа 9 за, еден воздржан, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 за бришење на став 3 поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Отворам претрес по амандманот на член 17 за додавање нов став 6 по ставот 5 поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, господинот Мехази.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 18 поднесен од Комисијата за транспрот, врски и еккологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски господинот Мехази.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Не се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Тромбев Томе.

Повелете господине Тромбев.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе,

Комисијата за транспорт, врски и екологија при разгледување на Предлогот на законот оцени дека би било добро да се усогласи Законот за градба со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Бидејќи во овој член министерот ги издава лиценците за изработка на урбанистичките планови, а во Законот за градба формиравме инженерска комора, стручна асоцијација, ценевме дека е добро лиценците односно овластувањата на физичките лица да ги издава истата Комора на овластени архитекти и инженери. Затоа овој амандман и фактички претставува усогласување со Законот за градба.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Тромбев.

Има збор пратеникот Ивановска Лилјана.

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам господине потпретседателе.

Само кратко, во духот на претходниот Закон што го донесовме, Законот за градње, апелирам до колегите пратеници да го подржат овој закон во делот на надлежностите на Комориа и во Законот за просторно и урбанистичко планирање, затоа што сметаме, од истите причини што беа и за претходниот, Законот за градба. Не гледам причини зошто Владата да не го прифати овој амандман. Апелирам до колегите пратеници да го подрж1ат амандманот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Ивановска.

Има збор пратеникот Балковски Љупчо.

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Во насока на подршка на овој амандман, не може сега ако го донесовме Законот за градба, во него дефиниравме дека овластувањата и лиценците ќе

ги издава Комората , сега во Законот за просторно планирање да опстоиме на став односно на член овде каде што се кажува дека лиценците ќе ги издава Министерството за транспорт и врски.

Дајте двата закони, за градба и сега за просторно и урбанистичко планирање, лиценците да ги издава Комората, како што ја дефиниравме согласно Законот за градба.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Балковски.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Пред да преминиме на гласање ги повикува пратениците да влезат во салата.

Повеќето се тука, но малку се за гласање.

(пратеници влегуваат во салата)

Молам службите да го утврдат бројот на пратениците.

(службите го утврдуваат бројот на пратениците)

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратени, 57 гласале, 42 за, два воздржани, 13 против.

Констатирам дека Собранието го усвои Амандманот за менување на член 18 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Отворам претрес по амандманот на член 18, став 1, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, господин Мехази.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Словодан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Балковски Љупчо.

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман е само допрецизирање , односно усогласување на терминологијата со Законот за градење. Таму каде што има овластување, да бидат овластувања во двата закони, таму каде што имаме лиценци, во двата закони да бидат лиценци.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник гласале 52, од тоа 14 за, еден воздржан, 37 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18, став 1, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 4, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, господинот Мехази.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Балковски Љупчо.

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот го повлекувам, затоа што се усвои амандманот на Комисијата за транспорт, врски и екологија, каде што Комората ја дава лиценцата.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е повлечен.

Преминуваме на следниот амандмант.

Отворам претрес по амандманот на член 18, став 5, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, господинот Мехази.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 20, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, господинот Мехази.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Не се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Не се прифаќа амандманот.

Господинот Балковски има збор.

Пратеникот Балковски Љупчо, повелете.

**Љупчо Балковски:** Благодарам потпретседателе.

Само да кажам дека овој амандман е исто така усогласување со Законот за градба во однос на странските архитекти и инженери.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Балковски.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник. Од нив гласале 58, од кои што 11 за, нема воздржани и 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 20, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Отворам претрес по амандманот на член 21, став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, господинот Мехази.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 за менување на ставовите 2 и 3, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, господинот Мехази.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Рафис Алити.

Повелете господине Рафис.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине потпретседател.

Јас побарав процедурално, со цел тука да ја прекинеме седницата поради партиските активности што ги имаат пратениците на ДУИ.

**Слободан Најдовски:** Да завршиме со овој амандман, може ли така господине Алити, па потоа ќе прекинеме.

(Пратеникот Рафис Алити се согласува).

Има збор пратеникот Балковски Љупчо.

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман е за поефикасно спроведување на овој закон, затоа што стручната ревизија на Планот од член 7 ја врши комисија што ја формира министерот и се состои од пет членови. Од кои што три члена има овластено за изработка на урбанистички планови и два члена на предлог на Комората.

Аманмданот е во однос на тоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Балковски.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, со оглед на тоа што имаме гласање, да констатираме, да го видиме бројот на присутни пратеници.

Гласале 54 пратеници од кои 10 за, нема воздржани, 44 против.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници пред да ја прекинеме седницата.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници).

Во моментот на гласањето биле присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21 за менување на ставовите 2 и 3, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Овде ја прекинуваме работата.

За продолжението, дополнително ќе бидете известени.

(Седницата прекина со работа во 17,31 часот).